Составни делови на нафтоводите, гасоводите и продуктоводите, во смисла на овој правилник, се: пумпните и компресорските станици, чистачките станици, помошните резервоари и садовите под притисок, блок-станиците по должината на трасата, уредите за катодна заштита, арматурите, растоварните станици, издишните станици, мерните станици, регулационите станици и мернорегулационите станици, други соодветни постројки и уреди и телекомуникационата мрежа која служи исклучително за потребите на нафтоводите, гасоводите и продуктоводите.

Член 5

Изразите употребени во овој правилник ги имаат следните значења:

1) нафта е сурова нафта и нафтени производи според класификацијата на запалноста што е дефинирана во JUS Z.C0.007, групи I, II и IIIA;

2) гас е природен гас и сите видови гасови за горење, освен пропан и бутан;

3) цевка е цевен елемент фабрички изработен според соодветните стандарди, со кои се пропишани димензиите и квалитетот на материјалот;

4) цевовод е функционално споена низа цевки што се поставени во конечна положба со потребната арматура и опрема на цевките;

5) нафтовод е цевовод опремен со потребните делови и уреди што служат за транспорт на нафта;

6) продуктовод е цевовод опремен со потребните делови и уреди кои служат за транспорт на нафтени продукти според класификацијата на запалноста што е дефинирана во JUS Z.C0.007, групи I, II и IIIA;

7) гасовод е цевовод опремен со потребните делови и уреди што служат за транспорт на гас;

8) пумпна станица за нафта е станица опремена со пумпи, потребна арматура и уреди за пораст на притисокот што е потребен за транспорт на нафта со нафтовод;

9) компресорска станица за гас е станица опремена со компресори, потребна арматура и уреди за пораст на притисокот што е потребен за транспорт на гас со гасоводи;

10) блок станица е станица на нафтовод, гасовод или продуктовод опремена со затворачки органи (вентили, славини, шибери, затворачи и сл.), со потребна арматура и уреди за затворање и празнење на одделни делови на нафтроводот односно гасоводот;

11) чистачка станица е станица на нафтовод, гасовод или продуктовод опремена со потребна арматура и уреди, што служи за испраќање и прифаќање на чистачите на цевоводот;

12) сепаратор за нафта е уред што е технолошки врзан за нафтоводот и служи за собирање и одвојување на нафтата од водата;

13) сепаратор за гас е сад под притисок, со арматура и уреди, што е технолошки врзан со гасоводот и служи за издвојување на течност и нечистотија од гасот;

14) одвојувач на течност е конструктивен дел на гасоводот опремен со потребна арматура, што служи за собирање и издвојување на течност од гасоводот;

15) мерна станица е станица опремена со арматура и уреди за мерење на протекот, температурата и притисокот на гасот или нафтата, технолошки споена со нафтоводот односно гасоводот;

16) регулациона станица е станица опремена со уреди и опрема, што служи за редукција и регулација на притисокот на гасот, технолошки споена со гасоводот;

17) мернорегулациона станица е станица опремена со уреди и опрема за мерење и регулација на протекот, притисокот и температурата на гасот, технолошки споена со гасоводот;

18) резервоар за нафта – атмосферски е резервоар или сад чиј работен притисок е еднаков на атмосферскиот притисок и не преминува вредност од 4 m bar натпритисок или потпритисок;

19) резервоар со низок притисок за нафта е резервоар чиј работен притисок изнесува од 4 m bar до 1 bar натпритисок;

20) притисок е физичка големина настаната со дејство на сила врз определена површина, изразена во бари (натпритисок);

21) сметковен притисок е максимален работен натпритисок добиен според формулата и дефинициите од член 24 на овој правилник;

22) максимален притисок е максимален натпритисок што може да се појави на која и да е точка на нафтоводот или гасоводот во погон или за време на испитување;

23) минимална граница на развлекувањето е границата на развлекувањето на материјалот на цевките, што производителот ја гарантира како минимална;

24) периферисko напрегање е напрегање во материјалот на ѕидот на цевките предизвикано со внатрешниот притисок на медиумот во цевката;

25) максимален испитен притисок е максимален внатрешен натпритисок на испитниот медиум дозволен со овој правилник, при испитување за определен материјал и локација;

26) максимален работен притисок е максимален натпритисок под кој смее да работи нафтоводот, гасоводот или продуктоводот;

27) зони на опасност се делови од просторот во кои се наоѓаат или постои можност да се најдат запални или експлозивни смеси на пареи на течности и воздух односно гас и воздух;

28) работен појас е минимален простор по должината на трасата на нафтоводот, гасоводот и продуктоводот потребен за нивна непречена и безбедна изградба;

29) заштитен појас на населени згради е просторот околу деловни и станбени згради, широк 30 m, сметајќи од надворешните рабови на зградите;

30) заштитен појас на објект е просторот околу објектот во кој нафтоводот или гасоводот влијаат врз сигурноста на тој објект;

31) заштитен појас на нафтовод, гасовод и продуктовод е простор широк од по 200 m од секоја страна на цевоводот, сметајќи од оската на цевоводот, во кој други објекти влијаат врз сигурноста на нафтоводот, гасоводот или продуктоводот;

32) единица на појасот на нафтовод, гасовод и продуктовод е појасот на цевоводот во должина од 1 km;

33) пружен појас е просторот меѓу железничките колосеци, како и просторот покрај крајните колосеци, на растојание од 8 m, а ако железничката пруга минува низ населено место, на растојание од 6 m, сметајќи од оската на крајниот колосек;

34) патен појас е земјишниот појас (простор) од обете страни на патот, надвор од населба, широк најмалку 1 m, сметајќи од линијата што ја формираат крајните точки на напречните профили на патот, како и воздушниот простор над коловозот во висичина од 7 m.

II. ЛОКАЦИЈА

1. Локација на нафтовод, гасовод и продуктовод

Член 6

Нафтоводи, гасоводи и продуктоводи, по правило, се изградуваат надвор од населени места, оградени комплекси на работни организации, железнички станици, морски и речни пристаништа, заштитни подрачја за води за пиење и лековити води и воени објекти. При изборот на трасата, при проектирањето и изградбата на нафтовод, гасовод и продуктовод мора да се обезбеди стабилност на цевоводот и заштита на луѓето и имотот и да се спречи можноста за штетни влијанија на цевоводот врз околината.

Член 7

Инвестиционо-техничката документација според која се изградуваат нафтоводи и гасоводи мора да биде израбо-

тена во согласност со просторните планови на подрачјето на кое треба да се изгради нафтоводот, гасоводот и продуктоводот.

Член 8

Во појасот широк од 5 m на една и друга страна, сметајќи од оската на цевоводот, е забрането да се садат растенија чии корени достигаат длабочина поголема од 1 m, односно за кои е потребно земјиштето да се обработува подлабоко од 0,5 m.

Член 9

Во појасот широк 30 m лево и десно од оската на гасоводот, по изградбата на гасоводот, е забрането да се градат згради наменети за домување или престој на луѓе, без оглед на степенот на сигурноста со кој е изграден гасоводот и без оглед на тоа во која класа е распоредено појасот на цевоводот.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, згради наменети за домување или престој на луѓе можат да се градат во појас потесен од 30 m ако градбата веќе била предвидена со урбанистичкиот план пред проектирањето на гасоводот и ако се применат посебни мерки за заштита, со тоа што најмалото растојание на населената зграда од гасоводот мора да биде, и тоа:

1) за пречник на гасоводот до 125 mm – 10 m;
2) за пречник на гасоводот од 125 mm до 300 mm – 15 m;
3) за пречник на гасоводот од 300 mm до 500 mm – 20 m;
4) за пречник на гасоводот поголем од 500 mm – 30 m.

Член 10

При проектирањето на нафтовод, гасовод и продуктовод мора да се земе предвид густината на населеноста на подрачјето на кое ќе бидат изградени нафтоводите, гасоводите или продуктоводите. Густината на населеноста се определува во заштитниот појас на цевоводот во ширина од по 200 m од секоја страна, сметајќи од оската на цевоводот, и во должина на единицата на појасот на цевоводот.

Според густината на населеноста, појасите на цевоводите се распоредуваат во четири разреда, и тоа:

1) во I разред – појасот на цевовод на кој на единица појас на цевоводот се наоѓаат до шест станбени згради пониски од четири ката;

2) во II разред – појасот на цевовод на кој на единица појас на цевоводот се наоѓаат повеќе од шест, а помалку од дваесет и осум станбени згради пониски од четири ката;

3) во III разред – појасот на цевовод на кој на единица појас на цевоводот се наоѓаат дваесет и осум или повеќе станбени згради пониски од четири ката, или на кој се наоѓаат деловни, индустрски, услужни, школски, здравствени и слични згради и јавни површини, како што се: игралишта, шеталишта, рекреациони терени, отворени сцени, спортски терени, сајмишта, паркови и слични површини, на кои трајно или повремено се задржуваат повеќе од дваесет луѓе, а се наоѓаат на оддалеченост помала од 100 m од оската на цевоводот;

4) во IV разред – појасот на цевовод на кој на единица појас на цевоводот преовладуваат четирокатни или повеќекатни згради.

Член 11

При премин на цевоводот од појас од повисок разред во појас од понизок разред, мораат да се обезбедат условите пропишани за појасот од повисок разред, и тоа на должина од 200 m по должината на цевоводот, сметајќи од последниот објект од појасот од повисок разред ако е тој објект четирокатна или повеќекатна станбена зграда или група станбени згради, односно на должина од 100 m, сметајќи од последниот објект од појасот од III разред.

2. Локација на постројките и уредите кои се составен дел на нафтовод и продуктовод

Член 12

Пумпните станици за нафта, чистачките станици и блок-станиците мораат да бидат поставени во согласност со условите што се дадени во следната табела:

Табела 1

Постројки и уреди кои се составен дел на нафтовод и продуктовод	Средства и опрема за гаснење на пожар	Најмало растојание од граничната линија на соседниот посед односно од крајниот надворешен раб на патниот или пружниот појас до станицата, во метри	Најмало растојание од објектот односно од крајниот надворешен раб на патниот или пружниот појас на сопствен имот до станицата, во метри
1	2	3	4
Пумпни станици за нафта	Рачни пожарникарски апарати S – 9 и превозни S – 50	30 m	7,5 m
Чистачки станици	„	30 m	3,0 m
Блок-станици	„	30 m	3,0 m

Другите услови за локација на постројките и уредите кои се составен дел на нафтовод и продуктовод, се утврдени со одредбите на член 27 од овој правилник.

Член 13

Помошниот надземен резервоар за складирање на сурова нафта и нафтени производи од групата I, II и IIIA, чиј напон на пареата не е поголем од 17,2 m bar натпритисок, а е изведен со ослабен спој меѓу покривот и обвивката или е опремен со дишен вентил кој не дозволува зголемување на притисокот над 17,2 m bar натпритисок, мора да биде поставен во согласност со условите што се дадени во следната табела:

Табела 2

Тип на резервоарот	Средства и опрема за гаснење пожар	Најмало растојание од граничната линија на соседниот посед односно од крајниот надворешен раб на патниот или пружниот појас до резервоарот, во метри	Најмало растојание од објектот односно од крајниот надворешен раб на патниот или пружниот појас на сопствен имот до резервоарот во метри
1	2	3	4
Вертикален резервоар со ослабен спој на покривот и обивката	Систем за гаснење со пена или инертен гас	Зафатнина до 2000 m³ најмалку 430 m	Зафатнина до 2000 m³ најмалку 5 m
	Ладење на обивката со распрскана вода	Зафатнина до 2000 m³ најмалку 30 m	Зафатнина до 2000 m³ најмалку 10 m

Член 14

Растојанието меѓу два резервоара чија вкупна зафатнина изнесува најмногу 300 m³ не смее да биде помало од 1 m.

Член 15

Растојанието меѓу два резервоара за складирање на сурова нафта и нафтени производи од групата I, II и IIIA не смее да биде помало од една шестина од збирот на нивните пречници.

Ако пречникот на еден резервоар е помал од половина пречник на соседниот резервоар, оддалеченоста меѓу тие два резервоара не смее да биде помал од половина пречник на помалиот резервоар.

Растојанието меѓу два резервоара за сурова нафта поставени на нафтовод, на издвоено осамено место, чија вкупна зафатнина изнесува 500 m³, не смее да биде помало од 1 m.

Член 16

Ако резервоарот се поставува на трусно или растресито подрачје или на подрачје подложно на поплавување, мораат да се преземат додатни градежни мерки за заштита.

3. Локација на постројките и уредите како составни делови на гасовод

Член 17

Сите постројки и уреди на гасоводот мораат да бидат изведени според условите дадени во следната табела.

Табела 3

Објекти	Мернорегулациона станица			Компресорски станици	Блокадни вентили со издувување	Чистачки станици
	Во објекти од цврст материјал		Под натстрешница и на отворен простор			
	до 30.000 m³/h	над 30.000 m³/h	За сите капацитети			
1	2	3	4	5	6	7
Станбени и деловни згради	15	25	30	100	30	30
Производствени фабрички згради, работилници	15	25	30	100	30	30
Складишта на запалки течности	15	25	30	100	30	30
Електрични неизолирани надземни водови	За сите случаи: височина на столбот на далноводот + 3 m					
Трафо станици	30	30	30	30	30	30
Железнички пруги и објекти	30	30	30	30	30	30

1	2	3	4	5	6	7
Индустриски колосеци	15	15	25	25	15	15
Автопатишта	30	30	30	30	30	30
Магистрални патишта	20	20	30	20	30	20
Регионални и локални патишта	10	10	10	10	10	10
Други патишта	6	10	10	10	15	10
Водотеци	5	5	5	20	5	5
Шеталишта, паркиралишта	10	15	20	15	30	30
Други градежни објекти	10	15	20	30	15	15

Сите растојанија во табелата бр. 3 се дадени во метри, сметајќи од објектите, кај железничките пруги – од крајниот раб на пружниот појас, а кај јавните патишта – од крајниот раб на патниот појас.

Условите дадени во табела 3 на овој член не се однесуваат на мерните, регулационите и мернорегулационите станици изградени на постојните градежни објекти или до видот на градежни објекти.

За постројките од став 3 на овој член ќе се применуваат условите пропишани во став 2 на член 80 од овој правилник.

4. Зони на опасност за постројки и уреди што се составни делови на нафтоводи и продуктоводи

Член 18

Зоните на опасност за постројки и уреди што се составни делови на нафтоводи и продуктоводи мораат да одговараат на нормативите пропишани во соодветните југословенски стандарди.

5. Зони на опасност за постројки и уреди што се составни делови на гасоводи

Член 19

Зони на опасност за постројките и уредите што се составни делови на гасовод се деловите на просторот во кои се врши транспорт и складирање на запални гасови. Зависно од степенот на опасност од избувнување и ширење на пожар и експлозија, зоните на опасност се делат на:

а) зона на опасност 0;
б) зона на опасност 1;
в) зона на опасност 2.

Зона на опасност 0 е просторот во кој е трајно присутна експлозивна смеса на запален гас и воздух.

Зона на опасност 1 е просторот во кој можат, при нормална работа, да се појават запални или експлозивни смеси на воздух и гас.

Зона на опасност 2 е просторот во кој можат да се појават запални или експлозивни смеси на воздух и гас, но само во ненормални услови на работа.

Под ненормални услови на работа се подразбираат: пропуштање на затиначите на цевоводот, прскање на цевките или садовите, кршење на електромоторите и пумпите, пожар што може да ги загрози постројките и уредите на гасоводот и други непредвидени настани во текот на работата на гасоводот.

Во зоните на опасност не смеат да се наоѓаат материи и уреди што можат да предизвикаат пожар или да овозможат негово ширење.

Член 20

Во зоните на опасност е забрането:

1) да се работи со отворен пламен;
2) да се внесува прибор за пушење;
3) да се работи со алат и уреди што можат, при употребата, да предизвикаат искра, доколку во просторот на зоната на опасност е утврдено присуство на експлозивни смеси;
4) присуство на возила кои при работата на погонскиот уред можат да предизвикаат искра;
5) користење на електрични уреди што не се во согласност со нормативите пропишани во соодветните југословенски стандарди за противексплозивна заштита;
6) оставање запални материи;
7) држење на материи што се подложни на самозапалување.

При вршењето работи во зоните на опасност корисникот на постројките и уредите мора да преземе потребни мерки за безбедност за да се одбегнат пожари и експлозии.

Член 21

Графички приказ на зоните на опасност е даден во прилогот на овој правилник и е негов составен дел.

III. КОНСТРУКЦИЈА

1. Конструкција на нафтоводи, гасоводи и продуктоводи

Член 22

За изградба на магистрални нафтоводи, гасоводи и продуктоводи можат да се употребат само челични цевки од јаглеродни или нисколегирани челици со димензии и по квалитет што одговара за транспорт на нафта, продукти на нафта или гас. Избор на цевките и на материјалот за цевки мора да се изврши според важечките нормативи и стандарди, така што да се одржи структуралниот интегритет на цевоводот под температура и под други услови што можат да се предвидат, да се обезбеди отпорност на мате-

ријалот на медиумот што се транспортира и да се обезбеди херметичност и еластичност на системот.

За нафтоводи, гасоводи и продуктоводи мораат да се употребуваат исклучително стандардни челични цевни елементи, како што се: колена, лакови, Т-парчиња, премини, капи и други елементи за челно и бочно заварување на цевките, изработени од ист или соодветен материјал. Притисокот на разорување на цевниот елемент мора да биде поголем од притисокот на разорување на цевката со која е споен елементот.

Покрај стандардните елементи од став 2 на овој член во цевоводот можат да се вградуваат лакови изработени со ладно свиткување на цевка, со тоа што не е дозволено вградување на збрчкани или сплескани лакови.

Член 23

Дебелината на ѕидот на цевките за нафтоводи, гасоводи и продуктоводи мора да биде таква што цевката покрај внатрешниот притисок на нафтата, продуктите на нафта односно гас, да може да ги издржи и сите надворешни оптоварувања на кои е изложена, ако тие не се на соодветен начин отстранети.

Цевките на нафтоводите, гасоводите и продуктоводите мораат да бидат на соодветен начин заштитени од надворешни оптоварувања и топлотни влијанија, така што да е овозможена нивна дилатација.

Член 24

Сметковниот притисок се пресметува според следната равенка: $P = \frac{20 \times k \times t}{D \times s} \times V \times T$

каде што е:

P = сметковен притисок (bar);

k = минимална граница на разлекувањето (N/mm^2 = MPa);

D = надворешен пречник на цевката (mm);

t = дебелина на ѕидот на цевката (mm);

s = коефициент на сигурност

$= \frac{\text{(минимална граница на разлекувањето}}{\text{(максимално дозволено периферисko напрегање)}}$

V = фактор на надолжниот и спиралниот вар (за должително = 1);

T = фактор температура.

Додатокот на дебелината на ѕидот на цевката, што се додава заради преземање на надворешните оптоварувања, не смее да се зема во равенката за пресметување на сметковниот притисок.

При определувањето на сметковниот притисок за нафтоводите и продуктоводите треба да се изврши пресметка на хидрауличниот удар.

Член 25

Коефициентот на сигурност s од член 24 на овој правилник мора да се земе за пресметување на сметковниот притисок за одделни појаси на цевоводот и изнесува:

Појаси на цевоводот	Гасоводи	Нафтоводи и продуктоводи
За појас од I разред	1,4	1,4
За појас од II разред	1,7	1,4
За појас од III разред	2,0	1,4
За појас од IV разред	2,5	1,4
За заштитен појас на населени згради	2,5	2,5

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член коефициентот на сигурност s мора да се зема за пресметување на сметковниот притисок во следните вредности:

1,7 – за гасоводи што минуваат под локални патишта, со вградена заштитна цевка и без неа во појаси од I и II разред;
- за нафтоводи и продуктоводи кога поминуваат под сите сообраќајници, освен под железнички пруги, во појаси од сите разреди;
- при паралелно водење на гасоводи покрај сообраќајници во појаси од I и II разред;
- при паралелно водење на нафтоводи и продуктоводи покрај сообраќајници во појаси од сите разреди;

2,0 – за гасоводи што поминуваат под регионални и магистрални патишта, освен автопатишта, со вградена заштитна цевка и без неа во појаси од I, II и III разред;
- за гасоводи, нафтоводи и продуктоводи што поминуваат под реки и канали, во појаси од I, II и III разред;
- за делови на гасоводи кај надземни премини, паралелно надземно водење со сообраќајници и за сите видови гасни станици, во појаси од I, II и III разред;
- за нафтоводи и продуктоводи што поминуваат низ карстни подрачја;
- за нафтоводи, гасоводи и продуктоводи што поминуваат низ заштитни зони на црпилишта на вода за пиење;
- за нафтоводи и продуктоводи што поминуваат под железнички пруги во должина од 20 m, сметајќи од оската на крајниот колосек;

2,5 – за гасоводи што поминуваат под автопатишта, со заштитна цевка и без неа, во појаси од сите разреди;
- за гасоводи што поминуваат под железнички пруги, во појаси од сите разреди;
- за гасоводи што поминуваат под која и да е сообраќајница, во појас од IV разред;
- за сите надземни делови на гасоводи и гасни станици, во појас од IV разред;
- за премини на нафтоводи, гасоводи и продуктоводи преку водотоци и канали, ако се поставуваат на друмски и железнички мостови, во појаси од сите разреди.

При поминување на нафтовод, гасовод и продуктовод преку поголеми наклони на теренот мора да се изработи посебна пресметка на сите сили што дејствуваат врз цевоводот и да се предвиди анкерирање на цевоводите, а при поминување преку лизгав терен мора, врз основа на геолошко испитување на земјиштето, да се изврши санација на лизгалиштето и да се изработи детален проект за вградување на цевоводот.

Член 26

При пресметувањето на сметковниот притисок, за факторот температура на нафтата (T), на продуктите на нафта или на гас се земаат следните вредности, и тоа:

Температура на нафтата или гасот	Фактор температура (T)
до 120°C	1,000
– од 120°C до 150 °C	0,965
– од 150°C до 175°C	0,935
– од 175°C до 200°C	0,905
– од 200°C до 225°C	0,875

Член 27

Ако нафтоводот, гасоводот и продуктоводот поминуваат во близина на други објекти или се паралелни со тие објекти, растојанието не смее да биде:

– помало од 5 m, од регионални и локални патишта, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас;

– помало од 10 m, од магистрални патишта, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас;
– помало од 20 m, од автопатишта, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас;
– помало од 20 m, од железничка пруга, сметајќи од границата на пружниот појас;
– помало од 30 m, од надземни делови на цевоводи, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас односно од границата на пружниот појас, освен ако цевоводот е поставен на друмски или железнички мост;
– помало од 15 m, од индустриски колосеци, сметајќи од оската на крајниот колосек;
– помало од 1 m (мерено хоризонтално), од градежни објекти, сметајќи од темелите на објектот, под услов да не се загрозува стабилноста на објектот;
– помало од 50 cm, од други подземни инсталации и мелиорациони објекти, сметајќи од надворешниот раб на цевоводот до надворешниот раб на инсталацијата или објектот;
– помало од 10 m, од регулирани водотоци и канали, сметајќи од ножето на насипот.

Ако цевоводот поминува во близина на нерегулирани водотеци, бунари, извори и изворишни подрачја, како и ако е паралелен со водотоци, потребно е да се прибави согласност од организациите и органите надлежни за работи на водостопанството, а ако поминува во близина на електроенергетски постројки и водови, растојанието мора да биде во согласност со нормативите пропишани во соодветните југословенски стандарди.

Член 28

Изградба на премини на нафтоводи, гасоводи и продуктоводи преку железничка пруга и железнички мост не е дозволена, освен во посебни случаи во кои мора да се прибави посебна согласност од надлежните органи или организации на здружен труд кои управуваат со пругата или мостот.

Член 29

Ако цевоводот се поставува под сообраќајница, со прокопување на таа сообраќајница, тој се положува без заштитна цевка, со двојна антикорозиона изолација која мора да се изведе за 10 m, десно и лево, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас. Под електрифицирани железнички пруги мора да биде изработена двојна изолација на цевоводот во должина од 50 m лево или десно, сметајќи од границата на пружниот појас. Во ровот под сообраќајницата, цевоводот без заштитна цевка мора да биде положен во постилка од ситен песок дебела најмалку 15 cm околу цевката. Дебелината на ѕидот на цевката на цевоводот мора да биде пресметана на сите надворешни сили до чие дејство може да дојде.

Ако цевоводот се поставува под сообраќајница со дупчење на ров под таа сообраќајница, мора да се употреби заштитна цевка со соодветна цврстина и со пречник кој е најмалку за 100 mm поголем од надворешниот пречник на цевоводот.

Должината на заштитната цевка на цевоводот под сообраќајница кај јавни патишта мора да биде поголема од широчината на коловозот за по 1 m од едната и од другата страна, сметајќи од надворешниот раб на патниот појас, а кај железничка пруга должината на заштитната цевка мора да биде поголема од широчината на пругата за по 5 m и од едната и од другата страна, сметајќи од оската на крајниот колосек, односно за по 1 m, сметајќи од ножето на насипот.

Член 30

Заштитните цевки што се поставуваат заради преземање на надворешните оптоварувања мораат да се пресметаат на цврстина според максималното оптоварување што е можно на тој дел од сообраќајницата.

Цевоводот во заштитната цевка мора да се вовлече така што да не се оштети неговата антикорозиона изолација и мора да биде поставен на изолирани подлошки заради спроведување на катодна заштита.

Краевите на заштитната цевка мораат да бидат затворени.

Во заштитната цевка, на едниот или на обата краја, мора да се вгради контролна цевка со пречник од најмалку 50 mm, заради контролирање на евентуалното пропуштање на гас во меѓупросторот на заштитната цевка и гасоводот.

Контролните цевки на цевоводот мораат да бидат извлечени надвор од патниот појас на растојание најмалку 5 m од работ на крајната коловозна лента односно надвор од пружниот појас – на растојание најмалку 10 m од оската на крајниот колосек, со отвори свртени надолу и поставени на височина од 2 m над површината на почвата.

Член 31

При вкрстување на нафтоводи, гасоводи и продуктоводи со сообраќајници, водотоци и канали, аголот меѓу оската на цевоводот и оската на пречката мора да изнесува меѓу 90° и 60°. За да се изведе вкрстување под агол помал од 60° мора да се прибави согласност од надлежните органи. При вкрстување со железничка пруга не е дозволен агол помал од 60°.

Минималната длабочина на вкопувањето на цевоводот, мерена од горниот раб на цевоводот, мора да изнесува, и тоа:

Појас на цевоводот	Минимална длабочина на вкопувањето	
	А	Б
во појас од I разред	80 cm	50 cm
во појас од II, III и IV разред	100 cm	60 cm
во заштитен појас на населени градби	110 cm	90 cm

Минималната длабочина на вкопувањето на цевоводот, мерена од горниот раб на цевката, при совладување на пречка, мора да изнесува, и тоа:

Појас на цевоводот	Минимална длабочина на вкопувањето	
	А	Б
– од дното на одводни ископи на сообраќајници	100 cm	60 cm
– од дното на регулирани корита на водени текови	100 cm	50 cm
– од горниот раб на патот	135 cm	135 cm
– од горниот раб на прагот на железничка пруга	150 cm	150 cm
– од горниот раб на прагот на индустриски колосек	100 cm	100 cm
– од дното на нерегулирани корита на водени текови	150 cm	100 cm

За подрачјата на кои се планира мелиорациона мрежа мораат да се прибават услови од корисниците на обработливите површини.

Вредностите дадени во колоната „Б" се применуваат на теренте на кои за изработка на ров е потребен експлозив, а за сите други терени се применуваат вредностите дадени во колоната „А".

Член 32

При проектирањето и изведувањето на цевовод мора да се води сметка за тоа цевоводот да биде доволно еласт-

тичен за да може да ги преземе топлотните напрегања што можат да се јават во цевоводот и во неговите делови, и да овозможи слободна дилатација на цевката.

Член 33

За нафтоводи, гасоводи и продуктоводи мораат да се употребат челични затворачки органи (вентили, славини, шибери, затворачи и сл.), прирабници и прирабнички споеви, кои според конструкцијата и квалитетот на материјалот се наменети за транспорт на нафта и гас, а се изработени според соодветни нормативи и стандарди.

Ако затворачките органи се вградуваат под земја, мораат да се спојат со цевоводот со заварување. Ако во подземен цевовод се вградуваат затворачки органи со прирабнички споеви, мораат да се постават во бетонско окно со доволни димензии за да може да се врши контрола и ракување со тој затворачки орган.

Затворачките органи вградени под земја мораат да бидат опремени со продолжено вретено со доволна должина за рачката или редукторот за ракување да биде на височина од 80 sm над површината на теренот.

Член 34

Затворачките органи што треба за време на погонот да се подмачкуваат мораат да бидат вградени така што сите мачкалки лесно да се достапни. Кај подземно вградените затворачки органи мачкалките мораат да бидат извлечени над земјата и со затворачките органи споени со челични цевки со висок притисок што се прицврстени на продолжението на вретеното.

Член 35

Подземниот и надземниот цевовод, на местото на спојување со друг цевовод, како и на местото на излегување на цевоводот на површината на почвата, мораат да имаат цврста потпирка за да се спречи поместување на приклучокот.

Потпирката на надземниот цевовод мора да биде изработена од негорлив материјал и изведена така што да обезбедува слободно истегање на цевоводот.

Член 36

Заради преземање на дилатациите на цевоводот што можат да настанат поради топлотни влијанија, во цевоводот мораат да се вградат еластички елементи (лири) или цевоводот мора да биде положен така што со својата еластичност да може да ги преземе издолжувањата односно скратувањата на цевоводот.

Напрегањето во материјалот на цевката не смее да ја преминува дозволената граница на напрегање за одделен разред на појаси, а кај надземното изведување на гасоводот, цевоводот мора да се пресмета на извивање и свиткување.

На гасоводите е забрането употреба на лизгави компензатори со затиначи.

Член 37

Цевките и нивните елементи за приклучување на инструментите мораат да бидат изработени од материјали што можат да го издржат максималниот работен притисок и температура на цевоводот.

Споевите на цевките, како и споевите на цевките и на нивните елементи за приклучување на инструментите мораат да бидат изведени на начин што одговара на максималниот работен притисок и температури.

Деловите на цевоводот за приклучување на инструментите во кои може да се појави вода или кондензат мораат со греење или на некој друг соодветен начин да бидат заштитени од замрзнување и мораат да бидат опремени со елементи за испуштање на течност.

Ако гасот содржи прашина, инструменталните и импулсните водови мораат да бидат опремени со погоден филтер за прашина.

Цевките и нивните елементи за приклучување на регулаторот и вентилот на сигурност мораат да бидат така изведени и заштитени да не дојде до оштетувања кои би го оневозможиле дејството на тие уреди и би дозволиле пречекорување на работниот притисок.

Член 38

Гасоводот кој е споен со извор на гас на начин што овозможува притисокот во гасоводот да го премине максималниот работен притисок поради грешка во системот на регулација, мора да биде опремен со вентил на сигурност, со издувен систем изведен надвор од просторијата во слободна атмосфера.

Вентилот на сигурност од став 1 на овој член кој спречува пречекорување на максималниот работен притисок во гасоводот, мора да биде со соодветен капацитет и дотеран така што притисокот во гасоводот да не може да порасне повеќе од:

– 50% од максималниот работен притисок кој изнесува до 0,5 bar

– 0,5 bar од максималниот работен притисок кој изнесува од 0,5 до 3 bar

– 15% од максималниот работен притисок кој изнесува од 3 до 60 bar

– 10% од максималниот работен притисок кој изнесува повеќе од 60 bar

и да не биде поголем од притисокот кој би предизвикал периферисko напрегање на цевката поголемо од 75% од минималната граница на развлекувањето.

2. Помошни надземни резервоари

Член 39

Конструкцијата на помошните надземни метални резервоари мора да биде во согласност со важечките прописи за челични конструкции и надземни резервоари.

Член 40

Обивките на помошните надземни резервоари мораат да бидат непропустливи и постојани на складираните течности и на нивните пареи во резервоарот и изградени од материјал отпорен на механички и термички напрегања, како и на хемиски дејствувања што можат да се појават при употребата на резервоарот. За изградба на обивката се употребува челик или друг материјал кој е постојан на дејствувањето на складираната течност.

Член 41

Темелите на помошниот надземен резервоар мораат да бидат изведени во согласност со прописите за градежното фундирање, така што да се оневозможи нерамномерно слегање на резервоарот.

Член 42

Потпорниците на резервоарот мораат да бидат од бетон, тула или челик заштитен од дејствување на високи температури (отпорност против пожар предвидена најмалку за 2 часа) и корозија, и мораат да бидат поставени врз темели заради спречување на нивно навалување или поместување.

Член 43

Заради прифаќање на случајно испуштени запални течности и заради заштита на околното земјиште, водени текови, патишта и други објекти, околу резервоарот мораат да се изградат заштитни базени. Наместо заштитен базен може да се изгради дренажен систем, ако тоа го одобри надлежниот републички односно покраински орган.

Член 44

Зафатнината на заштитниот базен, кој опфаќа само еден резервоар, мора да биде еднаква на најголемото дозволено полнење на резервоарот.

Член 45

Ако заштитниот базен опфаќа повеќе од еден резервоар, неговата зафатнина се добива кога од вкупната зафатнина на сите резервоари ќе се одземе зафатнината на резервоарот под горниот раб на насипот или ѕидот, не сметајќи ја зафатнината на најголемиот резервоар.

Член 46

Заштитниот базен во кој се сместени два или повеќе резервоара со ослабен спој меѓу покривниот лим и обвивката, во кои се складира сурова нафта и продукти на нафта, мора да биде со преградни ѕидови и дренажни канали поделен така што секој резервоар со зафатнина поголема од 1.500 m³ или група резервоари со вкупна зафатнина до 2.500 m³ да биде во еден преграден дел, со тоа што зафатнината на кој и да е резервоар односно група резервоари да не биде поголема од 1.500 m³.

Член 47

Заштитниот базен во кој се сместени два или повеќе резервоара за складирање на сурова нафта и продукти на нафта, а на кој не се однесуваат одредбите на член 46 од овој правилник, мора да биде поделен со преградни ѕидови и дренажни канали така што секој резервоар со зафатнина поголема од 350 m³ или група резервоари со вкупна зафатнина од 500 m³ да биде во еден преграден дел, со тоа што зафатнината на кој и да е резервоар односно група резервоари да не биде поголема од 350 m³.

Член 48

Внатрешната површина на заштитниот базен мора да биде изградена од непропустлив материјал, а ѕидовите мораат бидат изработени така што да поднесат полн хидростатички притисок.

Член 49

Ѕидовите на заштитниот базен не смеат да имаат отвори, освен за цевоводите, со тоа што просторот меѓу ѕидовите на базенот и цевоводот да биде исполнет со материјал постојан на висока температура. Ѕидовите на заштитниот базен мораат да бидат оддалечени најмалку 5 m од другите постројки на нафтоводот.

Член 50

Резервоарите, зависно од типот, мораат да имаат опрема, и тоа:

1) издишно луле;
2) издишен вентил;
3) сигурносен вентил;
4) сигурносна издишка;
5) запирач на пламен;
6) покажувач на нивото на течноста;
7) приклучоци за полнење и празнење на резервоарот;
8) уреди за осигурување од преполнување на резервоарот;
9) отвори за влегување на лица во резервоарот заради преглед и чистење;
10) приклучок со вентил за испуштање на талогот;
11) отвор со капак за мерење на нивото на течноста и земање извадоци.

Атмосферскиот резервоар за складирање на сурова нафта и нафтени производи од група I и II мора да има издишен вентил со запирач на пламен.

Резервоарот со низок притисок за складирање на сурова нафта и нафтени производи од група I и II мора да има сигурносен вентил.

Атмосферскиот резервоар за складирање на сурова нафта и нафтени производи од група IIIA мора да има издишно луле.

Член 51

Заради заштита од пречекорување на дозволениот притисок кој може да настане поради пожар, резервоарот мора да има сигурносна издишка односно мора да биде конструиран така што да има ослабен спој меѓу покривниот лим и обвивката односно некоја друга одобрена конструкција на издишка.;

Член 52

За да се спречи создавање на натпритисок или потпритисок за време на полнењето или празнењето на резервоарот, како и поради промена на надворешната температура, резервоарот мора да има издишно луле и издишен вентил.

Член 53

Димензиите на приклучокот на издишното луле и издишниот вентил мораат да одговараат на максималните количини на полнење или празнење на резервоарот, со тоа што нивните номинални внатрешни пречници не смеат да бидат помали од 32 mm.

Член 54

Ако атмосферски резервоар или резервоар со низок притисок има повеќе од еден приклучок за полнење односно празнење, капацитетот на издишното луле, издишниот вентил односно сигурносниот вентил, се определува според најголемиот предвиден истовремен протек на нафта или нафтени продукти.

Член 55

Резервоарот за складирање на сурова нафта и нафтени производи од група I мора да биде опремен со сигурносни уреди (сигурносен вентил, издишен вентил и сигурносна издишка) кој е затворен, освен кога резервоарот се полни или празни.

Резервоарот за складирање на сурова нафта и нафтени производи од група I мора да биде опремен со сигурносен уред кој е затворен, освен кога постои натпритисок или потпритисок во резервоарот или одобрен запирач на пламен пред сигурносниот уред.

Член 56

Резервоарот за складирање на сурова нафта на нафтовод со зафатнина од 500 m³, како и надворешниот надземен атмосферски резервоар за складирање на сурова нафта и нафтени производи со зафатнина до 4 m³, освен подгрупа I A, можат да имаат издишни луливња кои мораат да бидат отворени.

IV. ИЗГРАДБА НА НАФТОВОДИ,ГАСОВОДИ И ПРОДУКТОВОДИ

Член 57

Секоја поединечна цевка, цевен елемент или уред мораат визуелно да се испитаат непосредно пред монтажата за да се установи дали имаат каков и да е недостаток кој би можел штетно да влијае врз нивната употребливост.

Член 58

При ладно свиткување на цевките најголемото дозволено свиткување по должина еднаква на пречникот на цевката смее да изнесува 1,5°.

Свиткување на надолжно заварени цевки се изведува така што варот мора да се наоѓа во близина на неутралната оска на лакот на цевката.

При полагањето на цевоводот минималните полупречници на еластичните лакови, во зависност од пречникот на цевката, мораат да изнесуваат:

NO	100	350 m
NO	150	350 m
NO	200	400 m
NO	250	450 m
NO	300	450 m
NO	350	450 m
NO	400	450 m
NO	450	550 m
NO	500	550 m
NO	600	600 m
NO	650	700 m
NO	700	800 m
NO	750	850 m

Член 59

Заварувањето на челични цевки и на челични цевни елементи мора да се спроведува по квалификувана постапка на заварување и во согласност со нормативите пропишани во соодветните југословенски стандарди.

Член 60

Заварување можат да вршат само заварувачи чија стручна оспособеност е докажана и проверена и кои имаат соодветна квалификација за постапката на заварување што ќе се примени.

Член 61

Испитување на варот со недеструктивна метода мора да се изврши по целиот обем на варот.

Најмалиот процент на заварени споеви што мораат дефектоскопски да се испитаат, во зависност од разредот на појасот, изнесува, и тоа:

– за појас од I разред – 10%, а најмалку 8 варови на должина на цевоводот од 1000 m;
– за појас од II разред – 50%, а најмалку 40 варови на должина на цевоводот од 1000 m;
– за појаси од III и IV разред – 100%.

Сите варови на цевовод што се поставува во заштитен патен или заштитен пружен појас на сообраќајници, во тунели, на мостови, на надземни и вкопани премини преку или под сообраќајници и на премини преку водени текови, како и во заштитен појас на станбени згради и црпалишта на вода за пиење, мораат дефектоскопски да се испитаат.

Дефектоскопски мораат да се испитаат и сите варови на чистачките станици, блок станиците, мерните станици, регулационите станици, мерорегулационите станици, одвојувачите на течност, сепараторите, манипулативните цевоводи на компресорски станици, како и на сите други надземни делови на цевоводот.

Член 62

По заварувањето на цевоводот и поправките на неисправните варови, а пред изолацијата, мора да се изврши прочистување на делниците со компримиран воздух и со пропуштање на чистач со калибрациона плоча со пречник најмалку 95% од внатрешниот пречник на цевоводот.

Член 63

Ровот за полагање на цевоводот мора да биде ископан така што со поставувањето на цевоводот во ровот да се постигне проектираната положба на цевоводот и да се спречи недозволено напрегање во материјалот на цевките, како и да се оневозможи оштетување на изолацијата на цевките.

Ако ровот е ископан на каменит терен, цевоводот мора да се положи во заштитен слој на песок или мора да се употреби додатна изолација на цевоводот.

Член 64

Цевоводот мора да биде заштитен од подлокување, поплавување, нестабилност на почвата, одронување на земја и други опасности што можат да условат поместување или додатно оптоварување на цевката.

Член 65

Надземните делови на цевоводот и на неговите составни делови што не се оградени, мораат да бидат заштитени од непосредно оштетување, ако тоа го бараат посебните услови.

Член 66

Трасата на нафтоводот и гасоводот и продуктоводот мора да биде видливо обележена со посебни ознаки.

Растојанието на ознаките за обележување на цевоводот не смее да биде потолемо од 1000 m на рамниот дел на трасата, а на искривениот дел на трасата на цевоводот, изземајќи ги ладио и фабрички изработените лакови, мораат да бидат поставени најмалку три ознаки, и тоа на почетокот, во средината и на крајот на кривината.

Ознаките за обележување на трасата на цевоводот се поставуваат на 0,8 m надесно во однос на насоката на протокот на медиумот.

Ознаките за обележување на трасата на цевоводот мораат да бидат во согласност со нормативите пропишани во соодветните југословенски стандарди.

Член 67

Во минувањето на цевоводот под водени текови, канали и сообраќајници, ознаките за обележување на трасата на цевоводот и знаците за предупредување мораат да бидат поставени од обете страни на воденото тек, каналот или сообраќајницата.

Ознаката на минувањето на цевоводот под железничка пруга не смее да се постави поблиску од 10 m од оската на крајниот колосек.

Ознаката на минувањето на цевоводот под канал не смее да се постави поблиску од 10 m од оската на насипот на каналот, а на поминувањето на цевоводот под пат, ознаката не смее да се постави во патниот појас.

Во минувањето на цевоводот под пловни реки и канали, од обете страни на минувањето, на растојание од по 200 m, спротиводно и низводно од оската на цевоводот, мора да се постави знак за забрана на акотвување.

V. БЛОК СТАНИЦА НА НАФТОВОД, ГАСОВОД И ПРОДУКТОВОДОТ

Член 68

Гасоводот мора да биде опремен со затворачки органи сместени на такви меѓусебни растојанија што растојанието од која и да е точка на цевоводот до најблискиот затворачки орган за определени разреди на појаси да изнесува најмногу, и тоа:

1) за појас од I разред – 16 km;

2) за појас од II разред – 12 km;

3) за појас од III разред– 6 km;

4) за појас од IV разред – 4 km.

Во минувањето на нафтовод под или над водени текови кои, при максимален водостој, се пошироки од 30 m, како и под или над водотек за снабдување на водоводи на населени места, на нафтоводот мораат, од обете страни на водотекот, да се постават затворачки органи.

Член 69

Затворачките органи од став 1 на член 68 од овој правилник на гасоводите мораат да бидат така поставени да овозможуваат лесно ракување и одржување и мораат да бидат заштитени од пристап на неповикани лица. Затворачките органи (со помошната опрема) мораат да бидат погодни за погон во затворен и отворен простор, во вертикална или хоризонтална положба, како и за инсталирање над или под земјата.

Секој затворачки орган од став 1 на овој член со пречник поголем од 100 mm мора да биде опремен со обиколен вод со два вентила – за изедначување на притисокот при отворање на затворачкиот орган и за придушување на протокот на гас.

Член 70

Затворачките органи од член 69 на овој правилник можат да се затвораат рачно, со далечинско управување или со помош на пневматски уред.

Операторот на пневматскиот уред мора да го затвори затворачкиот орган при брзина на паѓањето на притисокот во гасоводот од 3,5 bar во минута или при поголема брзина.

Затворачкиот орган затворен со уред за автоматско затворање може да се отвори само рачно.

Член 71

Блок станицата во која е поставен затворачки орган со припаѓачките уреди, мора да биде оградена со ограда висока 2 m, при што ниеден дел на оградата не смее да се наоѓа во заштитниот појас на населени згради и во патен и пружен појас, а надземните уреди не смеат да се поставуваат поблиску од 20 m од работ на крајната коловозна лента на јавен пат, односно поблиску од 30 m од оската на крајниот колосек. Разместувањето на деловите на блок станицата мора да биде во согласност со зоните на опасност од експлозија и пожар, а зоните на опасност од експлозија мораат да бидат опфатени со оградата на станицата.

Член 72

Секоја делница на гасоводот меѓу два затворачки органи мора да биде опремена со уреди за испуштање на гас, и тоа со таков капацитет делницата да може да се испразни во атмосферата во рок од најмногу два часа.

Уредот за испуштање на гас од став 1 на овој член мора да биде ограден и поставен надвор од заштитниот појас на населени згради односно надвор од заштитниот пружен или патен појас на сообраќајница, според условите пропишани во табела 3 на член 17 од овој правилник.

VI. ЧИСТАЧКИ СТАНИЦИ НА НАФТОВОД, ГАСОВОД И ПРОДУКТОВОД

Член 73

За внатрешно чистење на нафтовод, гасовод и продуктовод во цевоводот мораат да се вградат чистачки станици кои се состојат од чистачка цевка со арматура и со уреди за испраќање на чистачките и чистачка цевка со арматура и со уреди за прифаќање на чистачите.

Во цевоводите за проток на нафта, продукти на нафта или гас, во обата правца, мораат да се вградат универзални чистачки цевки за испраќање и прифаќање на чистачите.

Чистачките цевки и затворачите мораат да бидат градени за максимален работен притисок на гасоводот, со коефициент на сигурност 2,0 и испитани под притисок за 50% поголем од максималниот работен притисок.

Чистачките цевки се дел од цевоводот и не подлежат на прописите за садови под притисок.

Член 74

Чистачките цевки мораат да бидат опремени со затворачки орган на цевоводот кој истовремено врши функција на блок станица.

Секоја чистачка цевка мора да има индикатор на поминувањето на чистачот чија положба може со сигурност визуелно да се утврди на растојание од 30 m.

Конструкцијата на затворачите на чистачките цевки мора да одговара на сите погонски услови и мора да биде така осигурена да не може да се отвори додека чистачката цевка е под притисок.

Кај гасоводите издувната цевка за испуштање на гас од чистачката цевка мора да биде вградена вертикално нагоре, а отворот на цевката мора да биде на височина од најмалку 2 m над површината на почвата.

Кај нафтоводот и продуктоводот издувната цевка мора да биде вградена вертикално надолу, а одводот на нафта или продукт на нафта мора да биде спроведен во резервоар со соодветна големина. Дренажната цевка на чистачката цевка мора да биде вградена вертикално надолу, на растојание најмногу 25 cm од затворачот и мора да се завршува во бетонско окно или резервоар со соодветна големина.

Член 75

Кај нафтоводите и продуктоводите, под затворачот на чистачката цевка, мора да биде изграден прифатен базен за течност чија зафатнина мора да биде еднаква со зафатнината или поголема од зафатнината на чистачката цевка на делот од влезниот вентил до затворачот.

Чистачките цевки мораат да бидат поставени под агол од 5° спрема затворачот на цевката.

Чистачките цевки мораат да бидат поставени на цврсти темели и со котвен блок на цевоводот осигурени од воздушно поместување.

Симетралата на чистачката цевка мора да биде на височина од 0,8 m до 1,2 m од површината на почвата.

VII. СЕПАРАТОРИ И ОДВОЈУВАЧИ НА ТЕЧНОСТ НА ГАСОВОДИ

Член 76

Гасоводите во кои од транспортираниот гас може да се издвои вода или гасен кондензат, мораат да бидат опремени со уреди за испуштање на течност од гасоводот. Течноста од гасоводот мора да се испушта на еден од следните начини:

а) со пропуштање на чистачи низ цевките на гасоводот и со собирање на течноста во подвижен или стабилен сад – резервоар, или

б) со одвојувачи на течност што се вградуваат во гасоводот и кои се дел на гасоводот, а се опремени со цевки за испуштање на течност.

Член 77

На прифатните чистачки станици на гасоводот можат да се изградат приклучоци за подвижни или стабилни одвојувачи на течност или приклучоци за сепаратори.

Течноста што ќе се издвои и ќе се собере во сепараторот не смее да се испушта во околината, туку со неа мора да се постапува според прописите за транспорт на сурова нафта и нафтени производи од група I подгрупа I С.

Член 78

Сепараторот за одвојување на течност од гасоводот кој е монтиран на прифатната чистачка станица, мора да биде изграден и испитан за максимален работен притисок на гасоводот и мора да има доволен капацитет за помирување на гас и издвојување на течност.

Сепараторот мора да биде поставен така што за време на чистењето на гасоводот низ него да струи сиот гас кој преминува од еден гасовод во друг.

На најниското место на сепараторот мора да биде поставена цевка за испуштање на течност со пречник најмалку од 50 mm, која се затвора со двоен затворачки орган. Придушување при испуштањето на течноста смее да се врши само со друг затворачки орган, а првиот затворачки орган мора да биде во положба „отворен – затворен".

Прегледна карта со претходно одобрени Урбанистички Проекти

тех.број
04-180/2023

РАЗМЕР: 1:1000
ДАТУМ: СКОПЈЕ, МАРТ 2024

лист број
3

Република Северна Македонија
Општина Неготино
Градоначалник

Број: 11-98/4
Дата: 27.03.2024 год.

ОПШТИНА НЕГОТИНО

Аџо Аџи Илов,бр.2
1440Неготино
Република Северна Македонија

Тел. (043) 361-045
Фах.(043) 361 933

www.negotino.gov.mk
info@negotino.gov.mk

Градоначалникот на општина Неготино, решавајќи по доставениот предлог од страна на комисијата за урбанизам на општина Неготино, за издавање на Решение за одобрување на **Проектна програма за Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 – водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm2 за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино** со тех. бр. 04-180/2023 од март, 2024 год, изработена од „ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје, а врз основа на член 44 и член 62 став 3 од (Службен весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), го донесува следното:

РЕШЕНИЕ

СЕ ОДОБРУВА **Проектна програма за Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 – водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm2 за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино** со тех. бр. 04-180/2023 од март, 2024 год, изработена од „ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје.

Составен дел на ова Решение е **Проектна програма за Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 – водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm2 за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино** со тех. бр. 04-180/2023 од март, 2024 год, изработена од „ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје.

Образложение

Комисијата за урбанизам на општина Неготино до градоначалникот на општина Неготино, поднесе предлог број 11-98/3 од 27.03.2024 година за издавање на решение за одобрување на Проектна програма за Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 – водови за

пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm2 за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино со тех. бр. 04-180/2023 од март, 2024 год, изработена од „ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје со комплетна документација:

1. Услови за планирање на просторот, бр.Y49723, од јануари 2024 год. од Агенција за планирање на просторот;
2. Решение за услови за планирање на просторот УП1-15 212/2024 од 09.02.2024 од Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање;
3. Решение за формирање на комисија за урбанизам, бр. 09-183/1 од 02.02.2024 год.;
4. Геодетски елаборат за ажурирана подлога бр. 0801-67/3 од март, 2024 година од „ГЕО ТОПО КАТ" ДОО Подружница Неготино;
5. Мислење од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 10-23/4-213 од 22.03.2024 година;
6. Проектна програма за Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 – водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm2 за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино со тех. бр. 04-180/2023 од февруари, 2024 год, изработена од „ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје.

Врз основа на гореизнесеното, Градоначалникот на општина Неготино одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение незадоволната странка има право на жалба преку општина Неготино, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Општина Неготино
Градоначалник
Горан Стојанов

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

С О Д Р Ж И Н А:

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

1 Вовед
2 Површина и опис на граници на проектен опфат со географско и геодетско одредување
3 Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на проектниот опфат
4 Податоци за природните чинители
  4.1.1 Географски податоци
  4.1.2 Микроклима
  4.1.3 Релјефни (морфолошки) карактеристики
  4.1.4 Сеизмика на просторот
5 Податоци за создадените вредности и чинители
6 Инвентаризација на земјиштето во проектниот опфат, изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инсталации
7 Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменички целини , културни предели и др.
8 Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура
9 Податоци и информации од надлежни органи на државната управа и комунални претпријатија
10 Услови од просторен план
11 Решение за услови од просторен план

Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1 Услови од просторен план
2 Ажурирана геодетска подлога
3 Карта на изграден градежен фонд
4 Карта на изградена комунална инфраструктура

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. ВОВЕД

Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 – водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm^2 за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник, Општина Неготино) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник, Општина Неготино) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино се изработува врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, ажурираната геодетска подлога, Проектната програма, одредбите кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, податоците и информациите од органите на државната управа и другите субјекти, како и потребите на нарачателот. Изготвувањето на проектот се врши во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“бр.32/2020 и 111/2023) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.225/2020, 219/2021, 104/2022 и 99/2023).

2. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ

Проектниот опфат ги зафаќа катастарските парцели дел од КП 1107, дел од КП 1903/7, дел од КП 3677, дел од КП 4203/1, дел од КП 4203/2, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино.

Сите парцели се во сопственост на РМ. Проектниот опфат се наоѓа во непосредна близина на селото Тимјаник и градот Неготино, на отприлика 2 километри оддалеченост од нив. Во границите на проектниот опфат нема никакви градби.

Границите на проектниот опфат се:

- На југ започнува да се движи северно низ западната страна од дел од КП 1903/7, КО Тимјаник, потоа минува низ дел од КП 3677, КО Тимјаник. Влегува во КО Неготино низ западната страна на дел од КП 4203/2, КО Неготино и продолжува да се движи северно низ дел од КП 4203/1, КО Неготино. Потоа низ истата катастарска парцела се движи северозападно се до југоисточната граница на КП 11107, КО Неготино. Влегува во КП 11107, КО Неготино од југоисточната страна и продолжува да се движи северозападно до средина на катастарската парцела каде завршува границата на проектниот опфат.

Проектниот опфат е дефиниран со дел од КП 1107, дел од КП 1903/7, дел од КП 3677, дел од КП 4203/1, дел од КП 4203/2, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино кој е дефиниран со следните координати:

1	7593006	4592802.147
2	7593004.031	4592802.509
3	7593012.017	4592846.938

4	7593009.871	4592845.984
5	7592778.139	4593007.216
6	7592776.918	4593005.628
7	7592667.042	4593102.66
8	7592665.805	4593101.086
9	7592564.304	4593176.361
10	7592563.074	4593174.783
11	7592496.321	4593233.818
12	7592495.033	4593232.288
13	7592477.975	4593249.201
14	7592476.7	4593247.66
15	7592453.835	4593268.885
16	7592452.561	4593267.343
17	7592343.377	4593361.399
18	7592342.037	4593359.913
19	7592235.572	4593466.101
20	7592234.255	4593464.591
21	7592151.45	4593531.899
22	7592150.819	4593529.853
23	7592139.642	4593531.123
24	7592139.292	4593529.095
25	7592134.393	4593533.393
26	7592131.034	4593532.667

Површина на проектниот опфат во рамки на опишаните граници изнесува **2328,69 м^2** или **0.23 ха.**

Должината на трасата на електричниот вод изнесува вкупно **1249.25m** , за кои има услови за планирање на просторот со број Y49723 од јануари 2024 година и решение со број УП1-15 212/2024 од 09.02.2024 година.

3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Предметниот проектен опфат се наоѓа во Катастарска Општина Тимјаник и Катастарска Општина Неготино, општина Неготино. За предметниот опфат не постои претходно усвоена урбанистичка планска документација и поради таа причина како основа за изработка на Урбанистичкиот проект се користени *Условите за планирање на просторот* со **тех. бр. Y49723 од јануари 2024** и *Решение за Услови за планирање на просторот* со **арх. бр. УП1-15 212/2024 од 09.02.2024** година.

Добиените *Услови за планирање на просторот* и *Решение за Услови за планирање на просторот* за изработка на **Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 – водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm^2 за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник, Општина Неготино) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник, Општина Неготино) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино,** согласно член 62 став 4 точка 1 од *Правилникот за урбанистичко планирање*

(„Сл. весник на Р.С.Македонија“ бр. 225/2020, 219/2021 и 104/2022 и 99/2023), се составен дел на графичките прилози на документационата основа на овој урбанистички проект.

Во близина на проектниот опфат се наоѓаат и следните опфати:

- Опфат за Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за градежна парцела со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на **КП 241/5**, КО Тимјаник, Општина Неготино со тех. број 04-180/2023 од јуни, 2022 година, е одобрен со потврда од Општина Неготино со бр. 11-314/9 од 19.09.2022 година
- Опфат за Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за градежна парцела со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на **КП 241/23 и КП 241/24,** КО Тимјаник, Општина Неготино со тех.број 04-180/2023 од август, 2022 година, е одобрен со потврда од Општина Неготино 11-315/10 од 19.09.2022

4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ

4.1 Географски податоци

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учеството и влијанието на човекот во нив спаѓаат географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки, хидрографски, сеизмички и др.

Проектниот опфат се наоѓа во непосредна близина на селото Тимјаник и градот Неготино, на отприлика 2 километри оддалеченост од нив. Во границите на проектниот опфат нема никакви градби. Географски припаѓа на Вардарскиот регион.

Тимјаник е село во рамки на Општината Неготино, се наоѓа југозападно од градот и поради непосредната близина припаѓа на неговата рурална зона. Селото Тимјаник е оддалечено од градот Неготино околу 2 километри и е добро инфраструктурно поврзано со обновен асфалтиран пат. Селото е сместено во долот на Тимјаничка река што е рамничарска населба на надморска висина од 190 метри. Низ селото води асфалтен пат до Долни Дисан кој ги поврзува околните села – Горни Дисан, Вешје со градот Неготино. Селото припаѓа на Вардарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешковардарскиот регион.

4.2 Микроклима

Територијата на селото Тимјаник во рамки на општината Неготино како дел од областа Тиквеш и Повардарие е под влијаније на медитеранската клима, која продира од југ преку Демиркаписката клисура и на континенталната клима, која продира од север преку Велешката котлина. Климата се карактеризира со:

- Просечна температура на воздух 13.5О С,
- Средна летна температура 24.7О С,
- Средна зимска температура 3.1О С,
- Број на денови со температура под 0ОС – 58 и температурна амплитуда 58.6О С.

Најстуден месец е јануари, со средна минимална температура од -1.4 О С, додека најтопли месеци се јули и август. Ова подрачје се карактеризира со многу мали количества врнежи, кое на годишно ниво просечно изнесува 450 мм/м2.

Просечна влажност 67%. Просечно годишно траење на сончевото зрачење изнесува 2230 часа. Најчести ветрови на овој простор се север и северо-западниот ветар.

4.3 Релјефни (морфолошки) карактеристики

Општината Неготино во чиј опфат се наоѓа селото Тимјаник, е лоцирана во централниот дел од Република Македонија, во областа на средното Повардарје. Му припаѓа на Вардарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешковардарски регион. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката Котлина, на двете страни од реката Вардар, а на југоисток граничи со Демир Капија. Општина Неготино се наоѓа на просечна надморска височина од 150 м.

4.4 Сеизмика на просторот

Локацијата се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси. Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

5. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ

Според податоците од пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен 2021 година, вкупниот број на жители во општина Неготино на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 18 180 жители.

6. ИНВЕРТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ

За утврдување на постојната состојба, направена е инвентаризација во рамките на проектниот опфат, при што е утврдено дека опфатот претставува неизградено земјиште. Не се евидентирани градби во подрачјето на проектниот опфат.

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДР.

Во границите на проектниот опфат не постојат градби или споменични целини кои претставуваат евидентирано културно наследство.

8. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Според податоците добиени од комуналните претпријатија направена е целосна инвентаризација на постојната комунална инфраструктура во рамките и непосредната близина на проектниот опфат.

Во постапката за поднесено барање за податоци и информации под бр. 04-50/2023 од 18.04.2023г., добиени се следните ПИМ:

1. Според добиените податоци и информации од **Електродистрибуција ДООЕЛ – Скопје** со бр. 10-22/5-222 од 04.05.2023 констатирано е дека во границите на проектниот опфат има 35kV и 10(20)kV надземна мрежа.

2. Според добиените податоци и информации од **Македонски Телеком АД – Скопје** со бр. 51540 од 25.04.2023 констатирано е дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура.

3. Според добиените податоци и информации од **АД МЕПСО** со бр. 11-2497/1 од 25.04.2023 констатирано е дека предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

4. Според добиените податоци и информации од **Дирекција за заштита и спасување подрачно одделение Неготино** со бр.09/3-58/2 од 04.05.2023 треба да се опфатат следните мерки: заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи; заштита и спасување од урнатини; заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди; заштита и спасување од свлекување на земјиштето; радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

5. Според добиените податоци и информаци од **Агенцијата за цивилно воздухопловство** со бр. 12-8/553 од 18.04.2023 констатирано е дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

6. Според добиените податоци и информации од **АД ЕСМ – Скопје** со бр. 08-2488/1 од 26.04.2023 констатирано е дека на предметниот плански опфат согласно Префизибилити студијата за Вардарска долина, изработен од 2017год., се планирани 7 ХЕЦ.

7. Според добиените податоци и информации од **НОМАГАС АД Скопје** со бр. 15-2025/2 од 20.04.2023 констатирано е дека на наведениот плански опфат има изградена и планирана гасоводна мрежа.

Во постапката за поднесено барање за дополнување податоци и информации под бр. 04-50/2023 од 18.04.2023г., добиени се следните ПИМ:

1. Според добиените податоци и информации од **ЈП „Национални шуми“ Скопје** со бр. 15-29/152 од 09.05.2023 констатирано е дека предметниот плански опфат не е планиран на делови од шума и шумско земјиште со кое стопанисува ЈП „Национални шуми“ Скопје.

9. ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ НА

ДРЖАВНАТА УПРАВА И КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

На барање на изготвувачот на планската документација, добиени се податоци и информации од надлежните комунални претпријатија и државни институции, кои се приложени како составен дел на Документационата основа.



Барањето електронски е доставено до следните институции:





Добиени Податоци од надлежните комунални претпријатија и државни институции:

1. **Електродистрибуција ДООЕЛ – Скопје** со бр. 10-22/5-222 од 04.05.2023
2. **Македонски Телеком АД – Скопје** со бр. 51540 од 25.04.2023
3. **АД МЕПСО** со бр. 11-2497/1 од 25.04.2023
4. **Дирекција за заштита и спасување подрачно одделение Неготино** со бр.09/3-58/2 од 04.05.2023
5. **Агенцијата за цивилно воздухопловство** со бр. 12-8/553 од 18.04.2023
6. **АД ЕСМ – Скопје** со бр. 08-2488/1 од 26.04.2023
7. **НОМАГАС АД Скопје** со бр. 15-2025/2 од 20.04.2023

Бидејќи во рокот од 15 денови не се доставени бараните податоци, отворена е нова постапка за барање на податоци, информации и мислења со опомена за доставување на податоци, информации и мислења со продолжување на рокот за 5 дена.



Опомената електронски е доставена до следните институции:



УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10 kV подземен среднонапонски кабелски вод во КО Тимјаник и КО Неготино

ОПШТИНА НЕГОТИНО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y49723

Скопје, јануари 2024

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10 kV подземен среднонапонски кабелски вод во КО Тимјаник и КО Неготино

ОПШТИНА НЕГОТИНО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Неготино

Тех.бр. Y49723

Раководител на задачата
Владимир Кузмановски, д.е.к.

Контролирал
м-р Весна Мирчевска Димишковска, д.и.з.ж.с.
/ Раководител на одделение за спроведување на просторни планови /

Агенција за планирање на просторот

Директор

_____

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, јануари 2024

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10 kV подземен среднонапонски кабелски вод во КО Тимјаник и КО Неготино

ОПШТИНА НЕГОТИНО

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со **урбанистички планови за населените места** и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава Решение за Услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот се наменети за водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10 kV подземен среднонапонски кабелски вод во КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино. Должината на трасата за која што се издаваат условите за планирање е околу 1001m.

Трасата се граничи со траса за која што се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција, со тех.бр Y16321 и плански опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност од 1 MW на КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник, Општина Неготино, со тех.бр Y11322.

Низ трасата поминува траса за која се издадени Услови за планирање на просторот за Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод за делница 1: Клечковце-Штип-Кавадарци, со тех.бр Y20911.

Во непосредна близина на трасата се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електранина КП 241/5, КО Тимјаник, Општина Неготино, со тех.бр Y11222.

Во непосредна близина на трасата се наоѓа и ГУП за град Неготино, Општина Неготино донесен со Одлука со бр.08-562/3 од 06.11.2020 година.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.**

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локациониte, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство **и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.**

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјодел-ското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Општинска граница

Катастарска граница

Површински соларни и фотоволтаични електранина-Y11222

Површински соларни и фотоволтаични електранина-Y11322

Интерконективен гасовод-Y16321

Магистрален гасовод за делница 1-Y20911



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Предметната локација во КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино се наѓа југоисточно од населено место Неготино на надморска височина од 190 m.

Областа Тиквеш и Повардарие каде е лоцирана предметната локација се наоѓа под влијание на медитеранска клима која продира од југ преку Демир Каписка клисура и на континентална клима која продира од север преку Велешка котлина.

Судирот на две различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следни карактеристики: просечна годишна температура на воздухот 13,5°C; највисока просечна месечна температура - јули, август; најниска просечна месечна температура - јануари 1,4°C; годишна средномесечна температура над 0°C; број на мразни денови (под 0°C) 58,4 дена; средно траење на мразен период - 112 дена; температурна амплитуда 58,6°C, односно апсолутна максимална температура 41,8°C и апсолутна минимална температура -17,8°C.

Должина на траењето на сончевиот сјај (осончување) годишно за Средно Повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули и август.

Плувиометриските анализи покажуваат дека ова подрачје е лоцирано во најсушното подрачје во Републиката со следни карактеристики: просечна годишна сума на врнежи – 437mm, максимална сума на врнежи по месеци - 61,2mm - октомври, минимална сума на врнежи по месеци - 47,5mm - мај, поројни врнежи од локален карактер - мај до септември, дневен максимум – 97mm. Просечна годишна влажност на воздухот е 71%. Просечен број на ведри денови е 118 дена, облачни 153 и тмурни 94 дена.

Интензитетот на дневниот максимум условува создавање на големи поројни води кои создаваат посебни проблеми во градот.

Снежниот покривач се јавува од декември до март или вкупно 71 ден просечно годишно, а стварниот број на денови со снежен покривач изнесува 21 ден. Максимално регистрирана висина на снежниот покривач достигнува 93cm.

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките северозапад исток и југоисток.

Струењата од северозападна насока имаат следни особености: просечна годишна честина 168‰, просечна брзина 2,0m/s максимална јачина 7 бофори.

Струењата од исток имаат следни карактеристики: просечна годишна честина 142‰, максимална јачина 9 бофори, просечна брзина 3,6m/s. Во пределот најголеми се тишините кои изнесуваат 425‰.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Неготино со гравитационо влијание врз локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот.

Половите на развој ги формираат оските на развојот детерминирани од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, теченијата на реките и слично, а во современите текови позначајни се деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Република Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор се наоѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање се две развојни оски: “Јужната развојна оска” и оската “Север-југ”.

“Јужната развојна оска” која што досега ретко е споменувана, но во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење. Оваа развојна оска ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип – Кочани - Делчево и продолжува кон Благоевград во Р Бугарија, а на запад продолжува кон Елбасан во Р Албанија.

Развојната оска “Север-југ” минува по средината на територијата на земјата, следејќи го од Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: Куманово - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На

север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи и т.н., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за алокација на производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на развојните фактори.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.

Поставувањето на водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10 kV подземен среднонапонски кабелски вод во КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје и ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на теренитe каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;

- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети;

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**

При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренаменета на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на предметната документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Р. Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко" и „Дебарско". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10 kV подземен среднонапонски кабелски вод во КО Тимјаник и КО Негодино, Општина Неготино, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) „Среден Вардар", кое го опфаќа сливот на река Вардар од вливот на реката Пчиња до водомерниот профил „Демир Капија". На ова ВП припаѓаат сливовите на реките Тополка, Бабуна, Луда Мара, Бошава, Отавица и Иберијска Река, но не и сливовите на реките Брегалница и Црна Река.

За целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците, во ВП „Среден Вардар" изградени се акумулациите Младост на реката Отавица и Лисиче на реката Тополка. Основна намена на водите од акумулацијата Младост е наводнување на обработливите површини, заштита од поплави и нанос. Акумулацијата Лисиче треба да обезбеди вода за водоснабдување на градот Велес и за наводнување на обработливите површини.

Во идниот период во ова водостопанско подрачје се предвидува изградба на акумулациите: Велес, Бабуна II, Згрополци, Градско, Кукуречани, Криволак, Дуброво и Демир Капија на реката Вардар и акумулациите Бабуна на реката Бабуна и Венец на реката Изворчица.

Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерно. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. Поради морфолошката, хидрогеолошката и хидрографската структура на просторот врнежите брзо се концентрираат во речната мрежа и истекуваат. Површинското истекување за сливните подрачја во Републиката има вредност од 26,2 л/сек/км^2 за реката Радика до 3,1 л/сек/км^2 за сливот на реката Струмица. На реката Вардар по течението вредноста на површинското истекување се намалува од 17,4 кај мерниот профил Радуша, преку 13,6л/сек/км^2 кај Скопје до 6,3 л/сек/км^2 кај мерниот профил Демир Капија.

За наводнување на обработливите површини во ВП „Среден Вардар" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 4390 ha, а има можности за наводнување на уште 15203 ha. При изработката на документацијата да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и соодветно на тоа да се превземат мерки за нејзина заштита и непречено функционирање.

При изработката на документацијата и нејзината реализација да се предвидат и да се превземат мерки со кои ќе се избегне деградирање на просторот, односно да се избегнува уништување на вегетацијата, менување на пејзажот и сл. што би можело да предизвика појава на ерозија, порои и лизгање на земјиштето.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрување на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Републиката досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила), а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Локацијата со намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10 kV подземен среднонапонски кабелски вод во КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино, нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови. Така постојниот преносен 110kV далновод Бучим-Неготино минува на 0,3km источно од оваа локација.

Гасовод и нафтовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Републиката. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-С.Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето

на сите региони во Државата, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се изгради делница-1 (Клечовце-Штип-Неготино), со што се овозможија поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион.

Трасата со намена водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10 kV подземен среднонапонски кабелски вод во КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино, се пресекува со магистралниот гасовод од делницата-1 заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници од релевантната област.

Заради зголемување на сигурноста во снабдувањето со нафта и нафтени деривати на Републиката изграден е нафтоводот Скопје-Солун со кој се овозможува транспорт на два милиони тони сирова нафта од пристаништето во Солун до Рафонеријата ОКТА.

Трасата на изведениот нафтовод Скопје-Солун минува на 2,2km југозападно од оваа локација.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека популацискатa политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија.

Иницијативата за поставување на новопроектиран подземен среднонапонски кабелски вод во КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Изградбата на водот ќе обезбеди поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Република Северна Македонија. Насоките на Просторниот план се залагаат за:

- зголемено ниво на функционална и комунална опременост и планско уредување на селските населби, подобрување на локалната инфраструктура и **ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво**;
- создадавање на услови за рехабилитација и афирмирање на руралниот начин на живеење преку **инфраструктурно екипирање** на селските населби и ефикасно сообраќајно и **комуникациско поврзување.**

Домување

Во планските определби и насоки на Просторниот план од аспект на организација на домувањето како една од основните функции на населбите, е применета концепцијата на полицентричен развој која го третира домувањето како посебен тип на развоен ресурс, што е особено битно за неразвиените подрачја како нови жаришта на развојот. Суштината на овој пристап е што најмобилен елемент станува технологијата, а не работната сила.

Во тој контекст оваа иницијатива за **поставување на новопроектиран подземен среднонапонски кабелски вод во КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино,** е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Република Северна Македонија, **со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка.**

Јавни функции

Организацијата на **јавните функции** е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет.

Иницијативата за **поставување на новопроектиран подземен среднонапонски кабелски вод во КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино**, е надвор од урбаниот опфат на населбите, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции (локации со намена образование,

култура, здравство и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор и движечка сила за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Согласно законот за животна средина („Службен весник“ на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16) заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина(заштита од осиромашување на озонска обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизарачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина. Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од “пасивниот” пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ. Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата и т.н. Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Закон за животната средина (Сл.в. на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, .83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната

средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области: Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Локалната урбанистичка планска документација, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животната средина и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон. Исто така потребно е да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот. Планирање на современа инфраструктура и нови технологии.

4.1.2 Заштита од бучава

Емисијата на бучава кон околината треба да биде во рамките на пропишаните гранични вредности. Прашањето за намалување на проблемите на бучавата треба да се решава со обезбедување на заштитен зелен појас по должина на сообраќајниците и формирање на зелени коридори.

4.2 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04, 81/07 и 55/13) и Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ“ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите. Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и при изградба на објекти и инфраструктура. согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед. Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

4.2.1. Мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа превентивни мерки кои се планираат и спроведуваат со просторно и урбанистичко планирање и примена на технички нормативи при проектирање и изградба на објекти, како и оперативни мерки за откривање, спречување на ширење и гаснење на пожари и експлозии, утврдување на причини за настанување на пожари и експлозии, давање помош при отстранување на последици предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Од урбанистички аспект противпожарната(ПП) заштита предвидува:

- Брз и непречен пристап до градбите;
- Градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали;
- Инсталациите, уредите и постројките да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии;
- Уредите, инсталациите, опремата и средствата за заштита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари задолжително да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба;
- При планирањето е водено сметка за доволно растојанија меѓу градбите;
- Предвидени се и минималните растојанија на површините за градба до границата на парцелата кои треба да изнесуваат ½ од висината на градбата заради сигурност и заштита од ширење пожар од една на друга градежни парцели;
- Со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите е овозможен пристап на противпожарно возило од повеќе страни;
- Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии;
- Самиот инвеститор согласно Закон треба да обезбеди потребна противпожарна опрема;
- Самиот инвеститор е должен да се грижи за одржување на инсталациите, уредите и постројките.
- Предвидената сообраќајна инфраструктура овозможува непречена интервенција на противпожарни возила.

Согласно одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр. 231/200), како и обврската при изградба на објекти да се изготви техничка документација – Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот на добивање на одобрение за градење.

4.2.2. Мерки за заштита и спасување од урнатини

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 81, заштитата и спасувањето од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита од уривање се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни преземено од опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

За заштита на предметниот плански опфат од урнатини при урбанистичкото планирање преземени се следните мерки:

- при рушење објектот ја зафаќа х/2 од површината околу себе, односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.С. Македонија, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на мерките за заштита на спасување од урнатини („Сл.весник на Р.Македонија“ 100/10 год.).

4.2.3. Мерки за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди

Поплавите на територијата на регион Неготино ретко се појавуваат , а најголеми последици предизвикуваат постојните дождови кои предизвикуваат излевањето на водите од коритата и каналите при што настануваат штети во земјоделието, индустријата, водостопанството, станбените и стопанските објекти, патниот и општествените дејности и друга инфраструктура.

Во територијата на Неготино не постои целосно изграден систем за заштита и спасување од поплави и како резултат на ваквата состојба водостопанските објекти недоволно и несоодветно се одржуваат, што преставуваа пречка за ефикасноста при преземањето на активностите и мерките за заштита и спасување од настанатите поплави.

Со цел елиминирање или намалување на опасностите од појава на поплави како и успешно справување со последиците кои може да бидат предизвикани со настанување на евентуални поплави, потребно е да се преземат превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување, од страна на сите

субјекти кои имаат одредени надлежности на планот за заштита од поплави и тоа како во редовните услови за работа, така и во услови на појава на поплави и како природна непогода.

Превентивните и оперативните мерки за заштита од поплави кои ќе бидат опфатени се :

- редовно и навремено чистење на од хидромелиоративниот систем;
- континуирано одржување на каналите од хидромелиоративниот систем (примарна, секундарна и терциерна каналска мрежа) во исправна состојба;
- воспоставување на соодветен режим на работа на каналите од хидромелиоративниот систем, имајќи ги предвид капацитетот и пропусната моќ на истите;
- редовно одржување на водостопанските објекти (шахти, вентили, пумпи, затворачи и слично);
- технички решенија за уредите за известување и тревожење на населението во загрозените ;
- воспоставување на систем за автоматско јавување за можна поплава и негово поврзување со сите надлежни институции;

4.2.4. Мерки за заштита и спасување од свлекување на земјиште

Со оглед на конфигурацијата на теренот, не е можно настанување на свлекување на земјиштето. Од тие причини, при изработка на проектната документација, не мора да се изработи елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

4.2.5. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Регионот не е директно загрозен но современите услови на живеење и работа, како и се по изразениот технолошки развој, придонесува зголемување на степенот на загрозеност на подрачјето од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и акциденти предизвикани од опасни материи.

Степенот на загрозеност на регионот од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација се зголемува во услови на природни непогоди и други несреќи, како и во услови на војна.

Со оглед на последиците кои можат да бидат предизвикани со неконтролираната употреба на радиолошки, хемиски и биолошки средства и акциденти од овој вид како во редовните услови на живеење така и при појава на природни непогоди, техничко технолошки несреќи и војна, се наметнува потреба од систематско дејствување и преземање на мерки и активности од страна на сите надлежни субјекти во републиката во рамките на своите надлежности и делокруг на работа, преку нивните одделенија во регионот и тоа:

-Министерство за здравство;
-Републичкиот завод за здравствена заштита;
-Министерство за животна средина и просторно планирање;
-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
-Управата за хидрометеоролошки работи;
-ветеринарниот институт;
-Институтот за земјоделство ,
-Дирекцијата за радијациона заштита;
-Министерството за одбрана;
-Центарот за воени здравствени;
-Единиците на локална самоуправа;

-Трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби,
-Центарот за управување со кризи;
-Дирекцијата за заштита и спасување и
-Други органи и институции.

4.2.6. Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во објектите, особено индустриските објекти кои во производниот процес употребуваат материи или постројки кои предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра. За да се овозможи заштита од техничко-технолошки несреќи потребно е воспоставување на превентивни мерки за заштита и спасување, односно активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичко планирање преку примена на технички нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталации и опрема, како и примена на прописи од областа на безбедноста и здравјето при работа.

4.2.7. Заштита и спасување од неексплодирни убојни средства (нус)

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неекслодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите за онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни средства, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

4.3. Превентивни мерки

4.3.1. Превентивни мерки за спасување од урнатини

Превентивните мерки за спасување од урнатини се применуваат кај оние објекти што може да се изложени на разни дејствија кои предизвикуваат урнатини како што се природни непогоди (земјотреси, лизгање, одронување на теренот, поплави), од технички катастрофи (експлозии, последици од неквалитетна градба, дотраени конструкции од објекти, пожари и др.), или од воени дејствија како последица од воздушни напади, артилериско оружје, експлозии од неексплодирани убојни средства и др. За заштита од урнатини кои се предизвикани од природни непогоди и технички катастрофи при проектирање и изградба на објекти се обезбедува оптимална отпорност од уривање со користење на соодветен конструктивен систем и користење на соодветни градежни материјали. Со соодветна разместеност на објекти во простор на соодветни растојанија може да се овозможи брз пристап и непречена работа на силите за заштита и спасување. Степенот на оптимална отпорност, вид и обем на урнатини на објектите се утврдува во процес на загрозеност.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ПРОЕКТЕНИОТ ОПФАТ			
Група на класа на намена	**Класа на намена**	**Поединечна намена**	**Површина (m^2)**
Е - Инфраструктура	Е1.8 – Инфраструктура за пренос на електрична енергија	**Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија:** меѓународни високонапонски надземни електрични водови, меѓуградски високо и среднонапонски надземни и подземни електрични водови и средно и нисконапонски водови од дистрибутивните мрежи со пратечките далноводски пилони столбови, трансформаторски станици, и помошни инсталации	**2328.69**
ВКУПНО:			***2328.69***

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 - водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm² за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ГНЗ — ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- ИГП — ИНФРАСТРУКТУРНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

КЛАСА НА НАМЕНА - Е - ИНФРАСТРУКТУРИ

- Е1.8 - ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ПРОЕКТЕНИОТ ОПФАТ

Група на класа на намена	Класа на намена	Поединечна намена	Површина (m²)
Е - Инфраструктура	Е1.8 – Инфраструктура за пренос на електрична енергија	**Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија:** мегународни високонапонски надземни електрични водови, мегуградски високо и среднонапонски надземни и подземни електрични водови и средно и нисконапонски водови од дистрибутивните мрежи со пратечките далноводски пилони столбови, трансформаторски станици, и помошни инсталации	**2328.69**
ВКУПНО:			***2328.69***

P=1:1000 (0, 10, 20, 40, 100)

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ
П А Р А М Е Т А Р
лиценца бр. 0080

нарачатели:
БРАИН СОЛАР ДОО СКОПЈЕ, БРАИН КОДЕ ДООЕЛ СКОПЈЕ,
СТЕФАНИ-ГАЛ ДООЕЛ ВЕЛЕС и ХЕМ-АЛИЈАНС Дооел Неготино

Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 - водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm² за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ д.и.а.
соработници:
ИГОР СУГАРЕВ дипл
САШО АНДРИЈЕВСКИ инж
ДИМИТАР СТЕФАНОВСКИ инж
управител : МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ

ПЛАН НА НАМЕНА

тех.број 04-71/2023
РАЗМЕР: 1:1000
ДАТУМ: СКОПЈЕ, АПРИЛ 2024
лист број 1

Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 - водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm² за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино

ЛЕГЕНДА:

- 110kV — ПОСТОЈНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ - ПОСТОЕН 110 ДАЛНОВОД
- 35kV — ПОСТОЈНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ - ПОСТОЕН 35 ДАЛНОВОД
- ПОСТОЈНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ - ЕЛЕКТРИЧЕН СТОЛБ ЗА 110 ДАЛНОВОД
- ПОСТОЈНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ - ЕЛЕКТРИЧЕН СТОЛБ ЗА 35 ДАЛНОВОД
- 35kV — НОВОПЛАНИРАНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ - НОВОПЛАНИРАН 35 ПОДЗЕМЕН ВОД

P=1:1000 (0, 10, 20, 40, 100)

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ

ПАРАМЕТАР

лиценца бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачатели:
БРАЈН СОЛАР ДОО СКОПЈЕ, БРАЈН КОДЕ ДООЕЛ СКОПЈЕ,
СТЕФАНИ-ГАЛ ДООЕЛ ВЕЛЕС и ХЕМ-АЛИЈАНС Дооел Неготино

Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 - водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm² за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ д.и.а.

соработници:
ИГОР СУГАРЧЕВ дипл
САШО АНДРИЈЕВСКИ мип
ДИМИТАР СТЕФАНОВСКИ мип

ИНФРАСТРУКТУРНО РЕШЕНИЕ

управител : МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ

тех.број 04-71/2023

РАЗМЕР: 1:1000
ДАТУМ: СКОПЈЕ, АПРИЛ 2024

ЛИСТ/БРОЈ 2

Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 - водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm² за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА (ПНЗ)
- ИНФРАСТРУКТУРНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА (ИГЛ)

КЛАСА НА НАМЕНА - Е - ИНФРАСТРУКТУРИ

- Е1.8 - ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

ИНФРАСТРУКТУРА

- ПОСТОЈНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ - ПОСТОЕН 110 ДАЛНОВОД (110kV)
- ПОСТОЈНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ - ПОСТОЕН 35 ДАЛНОВОД (35kV)
- ПОСТОЈНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ - ЕЛЕКТРИЧЕН СТОЛБ ЗА 110 ДАЛНОВОД
- ПОСТОЈНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ - ЕЛЕКТРИЧЕН СТОЛБ ЗА 35 ДАЛНОВОД
- НОВОПЛАНИРАНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ - НОВОПЛАНИРАН 35 ПОДЗЕМЕН ВОД (35kV)

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ПРОЕКТЕНИОТ ОПФАТ

Група на класа на намена	Класа на намена	Поединечна намена	Површина (m²)
Е - Инфраструктура	Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија	**Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија:** меѓународни високонапонски надземни електрични водови, меѓуградски високо и среднонапонски надземни и подземни електрични водови и средно и нисконапонски водови од дистрибутивните мрежи со пратечките далноводски питони столбови, трансформаторски станици, и помошни инсталации	**2328.69**
ВКУПНО:			***2328.69***



P=1:1000 (0 10 20 40 100)

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ
П А Р А М Е Т А Р
лиценца бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачатели:
ЕРАЈН СОЛАР ДОО СКОПЈЕ, ЕРАЈН КОДЕ ДООЕЛ СКОПЈЕ, СТЕФАНИ-ГАЛ ДООЕЛ ВЕЛЕС и ХЕМ-АЛИАНС Дооел Неготино

Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со основна класа на намена Е1.8 - водови за пренос на електрична енергија за изградба на новопроектиран 10kV подземен среднонапонски кабелски вод со пресек 240mm² за поврзување на ТС1 (КП 241/5, КО Тимјаник) и ТС1 (КП 241/23 и КП 241/24, КО Тимјаник) со новопланиран среднонапонски А3 столб на постоен воздушен 10kV вод, КО Тимјаник и КО Неготино, Општина Неготино

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ д.и.а.

соработници:
ИГОР СУГАРЧЕВ дипл
САШО АНДРИЈЕВСКИ мма
ДИМИТАР СТЕФАНОВСКИ мма

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ

управител : МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ

тех.број 04-71/2023

РАЗМЕР: 1:1000
ДАТУМ: СКОПЈЕ, АПРИЛ 2024

лист број **3**

info@omniaproekt.com
omniaproekt.com
Стив Наумов 35, Битола
070 395 861

омниа проект

Е

електротехнички проект

ИДЕЕН ПРОЕКТ

Изведба на 10kV кабелски вод од нов столб на ЕВН до ТС Хем-Алијанс и од ТС Хем-Алијанс до ТС Браин Солар за напојување на фотонапонски централи

локација:	КП 241/5 КО Тимјаник, КП 241/23, КП241/24 КО Тимјаник
инвеститор:	Хем-Алијанс Дооел Неготино, Браин Солар Доо Скопје
изработка:	ОМНИА Проект доо Битола
технички број:	15/24
датум:	03/2024

СОДРЖИНА

А. Општ дел

Основни податоци

А.1 Регистрација на фирма

А.2 Лиценца на фирма

А.3 Решение за овластени проектанти

А.4 Овластување на проектантите

Програмски дел

А.5 Проектна програма

Б. Проектен дел

Б.1 **Текстуален дел**

Технички опис

Б.2 **Графички дел**



А. Општ дел

Основни податоци

Број: 0805-50/150020240075516
Датум и време: 28.2.2024 г. 11:02

/Електронски издаден документ/

Т Е К О В Н А С О С Т О Ј Б А

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6901000
Целосен назив:	Заштитно друштво за производство,трговија на големо и мало,туризам,угостителство и услуги ОМНИА ПРОЕКТ ДОО увоз-извоз Битола
Кратко име:	ДОО ОМНИА ПРОЕКТ Битола
Седиште:	СТИВ НАУМОВ бр.35 БИТОЛА, БИТОЛА
Вид на субјект на упис:	ДРУГО
Датум на основање:	16.9.2013 г.
Времетраење:	Неограничено
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4002013533927
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	46 - заштитно друштво
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог EUR:	359.310,00
Непаричен влог EUR:	5.000,00
Уплатен дел EUR:	364.310,00
Вкупно основна главнина EUR:	364.310,00

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/2B193FD0D1D309168214632AFE95A65BF3996F348C3009B064785D6E39D48E24
Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	СОФИЈА РИСТЕВСКА-ПЕТРУШЕВА
Адреса:	ЕПИНАЛ бр.34 БИТОЛА, БИТОЛА
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог EUR:	171.822,00
Непаричен влог EUR:	2.500,00
Уплатен дел EUR:	174.322,00
Вкупен влог EUR:	174.322,00

Име и презиме/Назив:	ГОРДАНА РИСТЕВСКА-ДИМИТРОВСКА
Адреса:	БОРИС БУЏЕВСКИ бр.1/8 БИТОЛА, БИТОЛА
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог EUR:	187.488,00
Непаричен влог EUR:	2.500,00
Уплатен дел EUR:	189.988,00
Вкупен влог EUR:	189.988,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	55.10 - Хотели и слични објекти за сместување
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА	
Управител	
Име и презиме:	МИХАЕЛ ДИМИТРОВСКИ
Адреса:	БОРИС БУЏЕВСКИ бр.1/8 БИТОЛА, БИТОЛА
Овластувања:	Управител Занимање: ВСС Дипл.инж.арх.
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ПОДРУЖНИЦИ	
Подброј:	6901000/1
Назив:	Заштитно друштво за производство,трговија на големо и мало,туризам,угостителство и услуги ОМНИА ПРОЕКТ ДОО увоз-извоз Битола-Подружница ХОТЕЛ ТЕАТАР Битола
Тип:	Подружница

Верификација

Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/2B193FD0D1D309168214632AFE95A65BF3996F348C3009B064785D6E39D48E24

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Подтип:	Подружница
Адреса:	СТИВ НАУМОВ бр.35 БИТОЛА, БИТОЛА
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	55.10 - Хотели и слични објекти за сместување

ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ПОДРУЖНИЦАТА	
Име и презиме:	МИХАЕЛ ДИМИТРОВСКИ
Адреса:	БОРИС БУЏЕВСКИ бр.1/8 БИТОЛА, БИТОЛА
Овластувања:	Овластен застапник

Подброј:	6901000/2
Назив:	Заштитно друштво за производство,трговија на големо и мало,туризам,угостителство и услуги ОМНИА ПРОЕКТ ДОО увоз-извоз Битола-Подружница ОМНИА - УСЛУГИ Битола
Тип:	Подружница
Подтип:	Подружница
Адреса:	МИТРОПОЛИТСКА бр.13-А БИТОЛА, БИТОЛА
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	55.10 - Хотели и слични објекти за сместување

ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ПОДРУЖНИЦАТА	
Име и презиме:	МИХАЕЛ ДИМИТРОВСКИ
Адреса:	БОРИС БУЏЕВСКИ бр.1/8 БИТОЛА, БИТОЛА
Овластувања:	Овластен застапник

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
Дополнителни информации:	*
КОНТАКТ	
E-mail:	mihael.dimitrovski@gmail.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/2B193FD0D1D309168214632AFE95A65BF3996F348C3009B064785D6E39D48E24

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18,и „Службен весник на Република Северна Македонија'' 244/19, 18/20 и 279/20), Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

на

Друштво за производство, трговија на големо и мало, туризам, угостителство и услуги ОМНИА ПРОЕКТ ДОО увоз-извоз Битола

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СТИВ НАУМОВ бр.35 БИТОЛА, БИТОЛА
ЕМБС: 6901000

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО 31.08.2029 година

Број П.501/А
31.08.2022 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Благој Бочварски

РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТЕНИ ПРОЕКТАНТИ

Следните лица се одредуваат за проектанти за изработка на проектна документација за:

Изработка на Основен проект за 10kV кабелски вод од нов столб на ЕВН до ТС Хем-Алијанс и од ТС Хем-Алијанс до ТС Браин Солар за напојување на фотонапонски централи

Локација: КП 241/5 КО Тимјаник т.е. КП 241/23, КП241/24 КО Тимјаник

Инвеститор: Хем-Алијанс Дооел Неготино, Браин Солар Доо Скопје

Овластени проектанти

	име и презиме	фаза	бр. на овластување
1	Михаел Димитровски, д.и.а.	Главен проектант / архитектура	А1.1644
2	Филип Гитов, д.и.е.	Електротехнички проект	А4.0985

управител,

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

АРХИТЕКТУРА

на

МИХАЕЛ ДИМИТРОВСКИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII_1)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 22.05.2026 год.

Број: 1.1644

Издадено на: 23.05.2021 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 31 став 3 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ Б

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ЕЛЕКТРОТЕХНИКА

на

ФИЛИП ГИТОВ

магистер по електротехника и информациски технологии (NQF 300 ECTS)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 19.12.2026 год.

Број: 4.0985

Издадено на: 20.12.2021 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Радевски
дипл.инж.арх.

Програмски дел

Проектна програма

Изведба на 10kV кабелски вод од нов столб на ЕВН до ТС Хем-Алијанс и од ТС Хем-Алијанс до ТС Браин Солар за напојување на фотонапонски централи

Локација: КП 241/5 КО Тимјаник т.е. КП 241/23, КП241/24 КО Тимјаник

Инвеститор: Хем-Алијанс Дооел Неготино, Браин Солар Доо Скопје

Да се изработи проектна документација за изведба на 10kV кабелски вод од нов столб на ЕВН до ТС Хем-Алијанс и од ТС Хем-Алијанс до ТС Браин Солар за напојување на фотонапонски централи

Да се следат позитивните законски прописи.

Инвеститор:

Хем-Алијанс Дооел Неготино, Браин Солар Доо Скопје

Скопје, 22.03.2024

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје,
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. ЈУП- 10-732
12-12-2022 год.

EVN Group

Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, Оддел Мрежен Инженеринг, врз основа на член 170, став 2 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр.96/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/2019), постапувајќи по Барањето за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на ДПТУ ХЕМ-АЛИЈАНС ДООЕЛ НЕГОТИНО, ЕМБГ/ЕДБ 4019010503571 бр. УП1 10-732,, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа

На ДПТУ ХЕМ-АЛИЈАНС ДООЕЛ НЕГОТИНО, ЕМБГ/ЕДБ 4019010503571 (во понатамошниот текст: Барател на приклучок) му се издава согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје

Начинот и условите за приклучување на објектот на Барателот на приклучок на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје се дадени во Прилог 1 кој што е составен дел од ова Решение

Решението ќе престане да важи доколку изградбата на приклучокот не е започната во рокот определен во одобрението за градење на приклучокот

О б р а з л о ж е н и е

ДПТУ ХЕМ-АЛИЈАНС ДООЕЛ НЕГОТИНО, ЕМБГ/ЕДБ 4019010503571 на 08.11.2022 година до Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје поднесе Барање за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа заведено под архивски број УП1 10-732.

По поднесувањето на Барањето за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа, Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје изврши увид во техничката документација на постоечката мрежа и проектната документација за напојување со електрична енергија на предметното конзумно подрачје, со анализа на показателите добиени од извршените мерења за електроенергетската состојба и проверка на лице место на подготвените можни решенија за напојување на предметниот објект, утврдено е следното: објектот може да се приклучи на дистрибутивната мрежа, под начин и услови дефинирани во Прилог 1.

Барањето за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа ги исполнува сите услови согласно Закон за енергетика и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, при што Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје одлучи како во диспозитивот на Решението.

Упатство за правно средство:
Незадоволната страна од ова Решение има право преку Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, Оддел Мрежен Инженеринг, да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во рок од 15 дена од денот на доставување на Решението.

Раководител на Оддел
Оливер Мирчевски

Прилог 1 на Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа број: УП1 10-732

Локација на објектот

Адреса: ул. НАСЕЛЕНО МЕСТО 563 УЛИЧЕН СИСТЕМ

Место и Општина: ТЕМЈАНИК, НЕГОТИНО

Катастарска парцела бр и КО: 241/5 КО Темјаник

Код на објект: 0000002266A8

Место на приклучување

- ☐ 0.4 kV (низок напон)
- ☐ 6 kV (среден напон)
- ☒ 10 kV (среден напон)
- ☐ 20 kV (среден напон)
- ☐ 35 kV (среден напон)

Согласност за приклучување поради

- ☐ Изградба на нов објект
- ☒ Поставување на генераторски единици од обновливи извори
- ☐ Зголемување на максимална едновремена моќност
- ☐ Промена или реконструкција на приклучок
- ☐ Одвојување на инсталации на приклучен објект
- ☐ Спојување на инсталации на приклучен објект
- ☐ Времен приклучок за

Место на мерење

- ☐ Низок напон во МОГ ГМРТ
- ☐ Низок напон во ТС СН/НН
- ☒ Среден напон во ТС СН/НН
- ☐ Среден напон во ТС ВН/СН

Важност на согласноста

- ☒ Неопределено
- ☐ Времен приклучок во времетрајање од

Категорија на приклучок

- ☐ LV2
- ☐ LV1.2
- ☐ LV1.1
- ☒ MV2
- ☐ MV1

Тип на приклучок

- ☐ Стандарден приклучок
- ☒ Нестандарден приклучок
- ☐ Изолиран корисник

Тип на мерење

- ☐ Директно мерење
- ☐ Полуиндиректно мерење
- ☒ Индиректно мерење

Број на фази

- ☒ Трифазен
- ☐ Еднофазен

Надоместок за приклучување*

Надоместок за изградба на приклучокот: 2.546.564,00 ден.

Надоместок за создавање на технички услови: 0,00 ден.

Вкупно: 2.546.564,00 ден.

Вкупно со ДДВ: 3.004.946,00 ден.

Одобрена врвна моќност

Pmax= kW (како потрошувач) и Cosφ=0.95

Pmax= 400 kW (како производител) и Cosφ=0.95

Напомени

Надоместокот за приклучување и деталната пресметка се со важност од 90 дена од денот на издавање на ова Решение. Решението ќе престане да важи доколку потрошувачот не склучи Договор за приклучок во рок од 1 година од денот на издавање.

Систем на заштитно заземјување на ОДС

☒ TT ☐ TN-C ☐ TN-S ☐ TN-CS

Обврски на барателот на приклучок

- Одговорен е за безбедноста на електроенергетските објекти, техниката опрема и инсталации кои се во негова сопственост во согласност со закон и друг пропис.
- Заштитното заземјување да го прилагоди на системот за заштитно заземјување на операторот на дистрибутивниот систем.
- Должен е да склучи Договор за приклучок со Електродистрибуција.
- Во случај на приклучок од мрежа која не е сопственост на Електродистрибуција должен е да обезбеди писмена согласност заверена на нотар од сопственикот на таа мрежа.
- Должен е да поднесе барање за приклучување на електродистрибутивната мрежа во случај на негово исклучување од страна на трето лице - сопственик на електроенергетскиот објект.
- Корисникот има обврска да го изгради внатрешен дел од приклучокот после Мерното место;
- Корисникот има обврска да достави потврда за исправност на електричната инсталација од изведувачот на електричната инсталација на објектот/те.

Обврски на Електродистрибуција

- Да го приклучи објектот на барателот на дистрибутивната мрежа по добивање на одобрение за употреба на приклучокот согласно закон во рок утврден во договорот за приклучување на дистрибутивната мрежа.
- Гарантира за квалитет на испорака на електрична енергија до точката на разграничување помеѓу дистрибутивната мрежа и објектите на барателот на приклучок, односно објектите на трети лица на кои се приклучи објектот на корисникот.
- Не гарантира за евентуална штета која би настанала доколку на барателот на приклучок му биде прекината испораката на електрична енергија од страна на трето лице - сопственик на електроенергетскиот објект.

- Корисникот да достави Протокол од измерени вредности за отпорот на заземјувањето на објектите.
- Доколку корисникот вградува помошното напојување, дизел агрегат и сл., е должен да го опреми со автоматски уреди за негова манипулација.
- Ако корисникот се обврзал да ја изгради сета потребна инфраструктура за приклучок на својот објект, треба да ги реши имотно правни проблеми на терен и обезбедување на дозволи за градба за СН вод и за ТС-а.
- Пред пуштање во работа, корисникот да достави протоколи од подесување на релејната заштита.
- во непосредна близина на барателот има барање за приклучок на дополнителна фотонапонски централа . Од енергетско економски аспект пристапено е кон интегрално решение т.е. двајцата баратели да бидат приклучени на еден кабел и направена е поделба на трошоците според аплицираните моќности на бартелите во делот на кабел кој заеднички го користат.
- За реализација на приклучокот потребно е :
  - потребно е да се инсталира нов енергетски трансформатор ЕТР во напојна ТС 110/35/10 Неготино
  - да се изгради нов среднонапонски А3 столб опремен со разделувач на моќност напојван од ТС 110/35/10 Неготино
  - потребно е да се изгради нов среднонапонскиот кабел со presek 240 мм2 од новоизграден среднонапонски А3 столб опремен со разделувач на моќност до трансформаторската станица на барателот
- Барателот има обврска да изгради нова ТС 10(20)/X kV со дистрибутивен трансформатор од 630 kVA со преносен однос 10.5/0.21/X . СН – блок опремен со (2R+5P+M+1R), во согласност со проект што претходно ќе биде одобрен од Електродистрибуција Дооел КЕЦ Кавадарци, пред да започне било каква активности за изградба на приклучокот.
- Комплетната вградена опрема да биде за 20 kV и согласно ЕВН стандардите и важечките стандарди и прописи за ваков тип на електро-енергетски објекти и да достави сертификати за целокупната вградена опрема (кабли, енергетски трансформатор, завршници и др.)
- На нисконапонската страна, целокупната опрема како и уредите за релејна заштита и синхронизација се обврска на корисникот.
- Целокупната електро-енергетска опрема да се изведе согласно важечките прописи и препораки.

МЕРНА ЌЕЛИЈА :

- Мерната келија треба да биде со димензии кои ќе овозможат поставување на:

-3 (три) струјни мерни трансформатори со максимални димензии согласно стандардот DIN 42600 дел 5

- 3 (три) напонски мерни трансформатори со максимални димензии согласно стандардот DIN 42600 дел 3

- 3 (три) основи за осигурувачи и осигурувачи кои служат за заштита на напонските мерни трансформатори.

Подната на влата да се превенира со инсталација на грејач со термостат во келијата или со соодветна вентилација на трансформаторската станица.

- Поставувањето на мерните трансформатори треба да биде со челен распоред (во два реда, еден до друг по широчина на келијата), со што минималната широчина на келијата не биде 840 mm.
- Мерните трансформатори ги обезбедува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје и останува сопственост на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.
- Мерните трансформатори не служат исклучиво за мерење на

електрична енергија заради фактурирање пресметковно мерење, односно само за потребите на ЕВН.

- Поставеноста на струјните мерни трансформатори да биде така да енергетските врски од доводната кабла се поврзуваат на P1 клемата од струјниот мерен трансформатор така што насоката на преземена ЕЕ да биде P1 - P2, а на произведената ЕЕ P2 - P1, каде P1 и P2 се ознаките на примарните врски на СМТР.
- Основите за осигурувачи и осигурувачите за заштита на мерните напонски ТР ги обезбедува потрошувачот и истите треба да се во склад со техничката спецификација на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за ваков вид на осигурачи.
- Барателот да достави основен проект електрика заверен од овластен проектант и ревидиран во кој ќе бидат опфатени сите фази електрика. При изработка на проектната документација препораката е консултација со одделот Стандардизација – Мрежен инженеринг.
- Комплетната вградена опрема да биде за 20 kV и согласно ЕВН стандардите и важечките стандарди и прописи за ваков тип на електроенергетски објекти.
- Целокупната електроенергетска опрема да се изведе согласно важечките прописи и препораки.

НЕ Е ДОЗВОЛЕНО ОСТРОВСКО НАПОЈУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА ОД ЦЕНТРАЛАТА (освен за НАПОЈУВАЊЕ НА СОПСТВЕНАТА ПОТРОШУВАЧКА НА ЦЕНТРАЛАТА).

РЕЛЕЈНА ЗАШТИТА:

- Во инверторскиот систем и електричната инсталација на кој се приклучува потребно е да се инкорпорирани следниве заштити:
- наднапонска заштита;
- поднапонска заштита;
- надфреквентна заштита;
- подфреквентна заштита;
- надструјна заштита;
- краткоспојна заштита;
- земјоспојна заштита и заштита од напон на допир во случај на доземен спој.

УСЛОВИ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ:

- Вклучувањето на централата на дистрибутивна мрежа е дозволено кога се исполнети следниве услови за синхронизација:
- 1. разликата на напонот ΔU, порастот на напонот, да не биде поголем од + 5% од Un, и падот на напон, да не биде поголем од -10% од Un;
- 2. разликата на фреквенцијата $\Delta f < \pm 0.1$ Hz;
- 3. разликата на фазниот агол $\Delta\Phi < \pm 10$ степени;
- Пред приклучување на централата на дистрибутивна мрежа да се обезбеди АТЕСТ од производувачот за коефициент на фликери Cfi (поединечно за секој генератор) и Cfsce (за целата централа).
- По приклучување на централата на дистрибутивна мрежа по пат на мерење во реални погонски услови да се потврди:
- Коефициент на фликери Cfi (поединечно за секој генератор и Cfsce (за целата централа) како АТЕСТ дека централата го задоволува критериумот на долготрајните фликери $Af \leq 0.1$;
- Со вградување на филтри за соодветниот ред на вишите хармоници да се обезбеди условот за вредностите на струите на вишите хармоници да не ги надминат максималните дозволени вредности одредени со Техничките прописи и препораки.

УСЛОВИ ЗА ПАРАЛЕЛНА РАБОТА:

- Услови за паралелна работа на централата во приклучната точка во електродистрибутивната мрежа се:
- Факторот THD (Тотална хармонична дисторзија на напонот, да биде помал или еднаков на 3%, за секој хармоник;
- Факторот за небалансираност на напонот, да биде помеѓу 0 и 2%;
- Напоните во сите јазли на разгледуваната дистрибутивна

мрежа, треба да бидат во границите:

- 1. на нисконапонските собирници во трансформаторските станици среден/низок напон, помеѓу 0,4 и 0,44 kV;
- Релативната промена на напонот во однос на номиналниот напон во точката на приклучување во преоден режим на работа (исклучување/вклучување) треба да биде:
- 2% доколку точката на приклучување е во нисконапонска мрежа и комутациите кои предизвикуваат промени на напонот се почести (една на 10 минути);
- 3% доколку точката на приклучување е во нисконапонска мрежа и комутациите кои предизвикуваат промени на напонот се поретки;
- Вкупна инсталирана моќност – панели Pins.pan= 478,80kWp, инвертори Pins.inv= 513kW, барања= 400kW

Раководител на Оддел

Оливер Мирчевски

Табела 1: Одобрена врвна моќност по мерно место

Ред. бр.	Број на влез	Број на стан / локал / просторија	Тип на мерење	Број на фази	Одобрена врвна моќност по броило (kW)	Категорија на приклучок
1	1	1	индиректно	три	400	MV2

Раководител на Оддел

Оливер Мирчевски

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје,
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. УП1-10-733
12-12-2022 201 год.

EVN Group

Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, Оддел Мрежен Инженеринг, воз основа на член 170, став 2 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр.96/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/2019), постапувајќи по Барањето за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на БРАИН СОЛАР ДОО Скопје, ЕМБГ/ЕДБ 4044022520069 бр. УП1 10-733,, донесе:

РЕШЕНИЕ
за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа

На БРАИН СОЛАР ДОО Скопје, ЕМБГ/ЕДБ 4044022520069 (во понатамошниот текст: Барател на приклучок) му се издава согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје.

Начинот и условите за приклучување на објектот на Барателот на приклучок на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје се дадени во Прилог 1 кој што е составен дел од ова Решение.

Решението ќе престане да важи доколку изградбата на приклучокот не е започната во рокот определен во одобрението за градење на приклучокот.

Образложение

БРАИН СОЛАР ДОО Скопје, ЕМБГ/ЕДБ 4044022520069 на 08.11.2022 година до Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје поднесе Барање за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа заведено под архивски број УП1 10-733.

По поднесувањето на Барањето за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа, Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје изврши увид во техничката документација на постоечката мрежа и проектната документација за напојување со електрична енергија на предметното конзумно подрачје, со анализа на показателите добиени од извршените мерења за електроенергетската состојба и проверка на лице место на подготвените можни решенија за напојување на предметниот објект, утврдено е следното: објектот може да се приклучи на дистрибутивната мрежа, под начин и услови дефинирани во Прилог 1.

Барањето за издавање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа ги исполнува сите услови согласно Закон за енергетика и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, при што Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје одлучи како во диспозитивот на Решението.

Упатство за правно средство:
Незадоволната страна од ова Решение има право преку Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, Оддел Мрежен Инженеринг, да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во рок од 15 дена од денот на доставување на Решението.

Раководител на Оддел
Оливер Милчевски

Прилог 1 на Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа број: УП1 10-733

Локација на објектот

Адреса: ул. НАСЕЛЕНО МЕСТО БЕЗ УЛИЧЕН СИСТЕМ

Место и Општина: ТИМЈАНИК, НЕГОТИНО

Катастарска парцела бр и КО: 241/23, 241/24 КО ТИМЈАНИК

Код на објект: 0000000226646

Согласност за приклучување поради

- ☐ Изградба на нов објект
